ЦЕМЕНТАРНИЦА УСЈЕ
АД СКОПЈЕ

TITAN
CEMENTARNICA USJE




# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# **ЗА ОДРЖЛИВОСТ**

# **2022**

ЦЕМЕНТАРНИЦА УСЈЕ АД СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДРЖЛИВОСТ 2022

TITAN
CEMENTARNICA USJE

## За Извештајот за одржливост 2022

Извештајот на Цементарница УСЈЕ за 2022 година е подготвен во согласност со начелата за известување за одржливост на Групацијата ТИТАН и во врска со применувањето на Целите за одржлив развој на Обединетите нации (ЦОР/SDGs - Sustainable Development Goals) за 2030 година, на Глобалниот договор на ОН за известување за напредокот и на Повелбата и упатствата на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA - Global Cement and Concrete Association). Цементарница УСЈЕ ги интегрираше упатствата од Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој (UNCTAD - United Nations Conference on Trade and Development) во својот пристап да го поврзе известувањето за резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување (ESG - Environmental, social and governance) со целите на одржлив развој (ЦОР/SDGs - Sustainable Development Goals). Дополнително, УСЈЕ, исто така, ја инкорпорираше поврзаноста помеѓу клучните индикатори на успешноста (KPIs - Key Performance Indicators) на резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување (ESG - Environmental, social and governance) и стандардите на Одборот за сметководствени стандарди за одржливост (SASB - Sustainability Accounting Standards Board).

Овој Годишен извештај за одржливост, 14-ти по ред, претставува преглед на нашите финансиски, еколошки, општествени и управувачки резултати. Грант Торнтон ДОО Скопје изготви Извештај за независно ограничено уверување за овој Годишен извештај за одржливост, кој е изнесен на крајот на овој документ. Поединечните и консолидирани финансиски извештаи беа ревидирани од ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје.

Почнувајќи од 2009 година, УСЈЕ доброволно се залага за годишно обелоденување на резултатите поврзани со одржливоста на компанијата, како и за осврнување кон материјалните прашања на засегнатите страни. Сите извештаи за одржливост се достапни онлајн на веб-страницата на УСЈЕ: www.usje.mk

# Содржина


| | |
|---|---|
| **Клучни показатели за 2022 година** | 7 |
| **Порака од главниот извршен директор** | 8 |
| **Преглед** | 10 |
| **За Групацијата ТИТАН** | 12 |
| **За УСЈЕ** | 18 |
| **Извештај за корпоративното работење** | 28 |
| **Корпоративно управување и управување со ризици** | 30 |
| **Преглед на резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување (ESG)** | 36 |
| Декарбонизација и дигитализација | 38 |
| Работно опкружување што овозможува раст | 40 |
| Позитивно локално влијание | 47 |
| Одговорно управување со ресурсите | 53 |
| Добро управување, транспарентност и деловна етика | 56 |
| **ESG известување** | 58 |
| Преглед на напредокот за поддршката на Десетте начела од Глобалниот договор на Обединетите нации | 81 |
| **Финансиски показатели** | 84 |
| **Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи** | 86 |
| **Извештај за независно ограничено уверување за Годишниот извештај за одржливост 2022** | 94 |
| **Поимник** | 98 |

# Клучни показатели за 2022 година

## Финансиски

**6.250**
**милиони денари**
Приходи

**1.364**
**милиони денари**
EBITDA

**1.029**
**милиони денари**
Нето-добивка по оданочување

**5.680**
**милиони денари**
Вкупен износ на средства

**374**
**милиони денари**
Капитални расходи

## Во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување (ESG)

**237**
Вработени
(на 31 декември 2022)

**25**
Нови вработувања во 2022

**51 милион денари**
Зелени инвестиции

**38.798**
Засадени дрвца и растенија

**2,9% намалени**
Специфични нето-емисии на $CO_2$
(во споредба со 2021 година)

**16,10**
Часа обука за безбедност и здравје по вработен

**Нула**
Стапка на зачестеност на изгубено време поради повреда

# Порака од главниот извршен директор



"Во годината што претстои, ќе останеме фокусирани на создавање вредност за сите засегнати страни преку зелени инвестиции, иновации и понатамошна дигитализација на нашето работење. "

## Почитувани партнери,

Деловниот сектор продолжи да се соочува со предизвици во 2022 година какви што се неизвесност, нарушувања на синџирот на снабдување и зголемена инфлација, главно предизвикани од геополитичките конфликти. Цементната индустрија и нашата компанија беа сериозно погодени од случувањата во енергетскиот сектор и од високите трошоци за енергија, што, пак, ги зголеми производствените трошоци. Во вакви околности, нашиот најголем предизвик во 2022 година беше да се осмисли внимателна ценовна политика за да се задржи пазарниот удел и да се одржи профитабилноста на највисокото можно ниво. Цементарница УСЈЕ успеа да постигне солидни перформанси и финансиски резултати во овие исклучително тешки услови, обезбедувајќи стабилност и вредност за сите наши засегнати страни, истовремено не запоставувајќи ја нашата посветеност кон одржливиот развој и постигнувањето на Целите за одржлив развој на ОН и поддржувајќи ги Десетте начела на Глобалниот договор на ОН.

Работењето во такви неповолни околности поттикна воведување иновативни решенија во сите деловни процеси. Нашите напори ги фокусиравме на продажбата на нашиот рефус ЕКО цемент и до крајот на годината успеавме да постигнеме удел од 25% во вкупната продажба. Започнавме и значаен проект за користење обновлива енергија што дополнително ќе создаде заштеда на електричната енергија и намалување на $CO_2$ од приближно 3.200 тони годишно.

Во декарбонизацијата и дигитализацијата, како наши приоритетни области за развој, нашите напори беа посветени на намалување на јаглеродниот отпечаток со користење алтернативни горива, промовирање зелен цемент, циркуларна економија и мерки за енергетска ефикасност, за што постигнавме резултат од 2,9% помали емисии на $CO_2$ во споредба со 2021 година. Во делот на дигитализацијата и насочувајќи се кон иновациите, работиме на низа технологии од следната генерација. Горди сме што нашата фабрика сега има оптимизатори во реално време базирани на вештачка интелигенција, кои ја подобрија продуктивноста и овозможија намалување на потрошувачката на енергија и емисиите на $CO_2$ во нашата фабрика.

Останавме посветени на развојот и на добросостојбата на нашите луѓе преку различни иницијативи за надградба на вештините и на знаењата, за вклучување на вработените, за безбедноста и здравјето при работа и за поддршката за вработените и нивните семејства. Нашиот проект „Грижа за добросостојбата на нашите луѓе“ беше награден со Признание за општествена одговорност од Министерството за економија на Република Северна Македонија и Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата.

Нашето позитивно локално влијание беше постигнато со продолжување на воспоставените проекти за заштита на животната средина, следењето на емисиите, биодиверзитетот и управувањето со земјиштето и придонесот за одржливоста на заедниците. Спроведовме речиси 30 акции за вклученост на заедницата со повеќе од 5.200 корисници, вклучувајќи, притоа, млади, маргинализирани групи и граѓани од локалните заедници.

Со одговорно и одржливо управување со водата и отпадот, со инвестиции во обновливи извори на енергија за снабдување со електрична енергија и со оптимизирање на управувањето со енергијата и ефикасноста на процесите, Цементарница УСЈЕ даде значаен придонес во заштитата на природните ресурси. Одговорното управување со ресурсите беше постигнато и со тесна соработка со нашите добавувачи и партнери во градењето одговорен и одржлив синџир на набавки, кој ги поддржува нашите деловни цели и го минимизира нашето влијание врз животната средина.

Последно, но не и најмалку важно, нашите деловни активности, одлуки и секојдневна работа се извршуваат со интегритет и целосно почитување на начелата на добро управување, транспарентност и деловна етика. Горди сме што сме одличен пример за успешен и сигурен деловен партнер и член на заедницата.

Во годината што претстои, ќе останеме фокусирани на создавање вредност за сите засегнати страни преку зелени инвестиции, иновации и понатамошна дигитализација на нашето работење. Поточно, во 2023 година, ќе продолжиме да го применуваме истиот начин на размислување за раст за да ги зголемиме продажбата и маржите, да генерираме готовина и да овозможиме раст на капиталните инвестиции, секогаш со истото чувство за грижа за нашите луѓе, како и со одговорност, интегритет, отчетност и почит. Безбедноста на нашите луѓе и изведувачи ќе остане приоритет. Нашата заедница останува важен приоритет и ќе го зголемиме нашето позитивно влијание преку различни иницијативи. Посветени сме на подобрување на нашите активности за заштита на животната средина, намалување на емисиите, промовирање на циркуларната економија и правилно управување со природните ресурси и биодиверзитетот. Ова се темелите врз кои ја градиме нашата цел да направиме што повеќе за нашите купувачи, за нашите вработени, за заедниците во кои делуваме и за нашата планета.

**Борис Хрисафов**
**Главен извршен директор**







# ПРЕГЛЕД



# За Групацијата ТИТАН

## Силите што ја обликуваат нашата индустрија и можностите што претстојат

**Да се гради иднината значи да се гради подобро. Попаметно. Поодржливо. Групацијата ТИТАН е посветена на изградбата на одржлив свет со иновативни градежни решенија.**

Групацијата ТИТАН одговара на потребите на општеството за безбедно, трајно, отпорно, достапно домување и инфраструктура што го штити и го подобрува животот. ТИТАН ги искористува предностите на декарбонизацијата и дигиталната трансформација и им ги носи овие придобивки на купувачите, вработените, добавувачите и на заедниците. ТИТАН пристапува кон секое прашање со претприемачки дух и постојано иновира нови начини за испорака на градежните решенија на утрешнината.

Надоврзувајќи се на своето 120-годишно искуство во индустријата и на заложбата за одржлив развој, ТИТАН ги опслужува купувачите во 25 земји преку својата мрежа на повеќе од 200 оперативни локации на четири континенти, вклучувајќи рудници, погони за готов бетон, терминали и други производствени и дистрибутивни капацитети.

Во свет на растечка сложеност, ТИТАН се приспособува и се развива за да им служи на потребите на општеството, притоа придонесувајќи за одржлив развој со одговорност и со интегритет.

**Основите на побарувачката за градежни материјали и решенија остануваат цврсти**

**Очекувањата на купувачите ги поттикнуваат иновациите на производите**

**Ублажувањето на климатските промени и недостигот на ресурси бараат промена кон одржливи решенија**

**Урбанизацијата бара заедници кои се зелени, безбедни, отпорни и здрави за сите**

**Иновативно управување со таленти за да се искористат можностите во светот кој се менува**



Населението и урбанизацијата се во пораст, што доведува до поголема побарувачка за домување и инфраструктура. Имаме оперативна можност да им помогнеме на нашите купувачи да градат со забрзано темпо со нашите иновативни и одржливи градежни решенија.



Со нашата стратегија за иновации насочена кон купувачите, го развиваме нашиот бизнис на постојните и на новите пазари низ синџирот на градежната вредност. Соработката со нашите купувачи од раните фази на дизајн ни помага да ги разбереме нивните потреби и да им понудиме иновативни производи и услуги, како и врвни решенија засновани на вештачка интелигенција за врвна ефикасност и уште подобро искуство.



Ние го развиваме нашето портфолио на производи за да одговориме на еколошките предизвици. Преминувајќи кон поодржливи решенија за градба со помала количина јаглерод и циркуларни градежни решенија, им помагаме на нашите купувачи да градат поодржливо. На овој начин, ги исполнуваме нашите амбициозни, научно засновани цели за спречување на климатските промени (1,5°C), за свет со нето-нула, свет позитивен за природата.



Холистички пристапуваме на одржливоста во и надвор од нашата компанија. Покрај тоа што обезбедуваме позелено портфолио на производи со супериорни еколошки резултати во текот на целиот животен циклус – од рудникот до купувачот – ние постојано ги подобруваме нашите резултати во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување во согласност со Целите за одржлив развој на ОН. Во исто време ги охрабруваме нашите партнери во синџирот на набавки да ги исполнат нашите стандарди за добавувачи што се однесуваат на одржливоста и на животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување.

Ги градиме нашите таленти и способностите на нашата организација за да ги искористиме сите можности сега и во иднина. Со зајакнување и оспособување на нашите тимови им овозможуваме да делуваат со својот целосен потенцијал и им помагаме да растат заедно со ТИТАН на безбедно, здраво, инклузивно и фер работно место.

# Стратегија на Групацијата ТИТАН: Развој на бизнисот, фокус кон купувачот, градење таленти

**Стратегијата на ТИТАН насочена кон купувачите има за цел да го забрза порастот на Групацијата на нејзините постојни пазари и во нови области и да обезбеди градежни материјали и иновативни градежни решенија неопходни за поодржлив свет така што ќе имаат корист нашите купувачи, вработени, добавувачи и заедници.**

Групацијата ТИТАН создаде долгорочна вредност за своите засегнати страни во текот на 120- годишното постоење со постојано развивање и обновување на својата стратегија.

**По најновиот преглед на стратегиските правци и приоритети, стратегијата на ТИТАН се заснова на следните три столба:**

## Постигнување резултати

Со своето постојано подобрување на постигнувањата и резултатите, ТИТАН се труди да обезбеди оперативна извонредност во производството, во синџирот на набавки и во задоволството на купувачите. На тој начин, Групацијата ќе продолжи да се фокусира на трошоците за производство и на трошоците за услуга, како и на обезбедување решенија и супериорно искуство на купувачите во сите свои бизниси.

Оваа оперативна извонредност се однесува на перформансите на ТИТАН, каде што Групацијата постигна долгогодишни резултати во областа на животната средина, безбедноста и општествениот ангажман. Целите за 2025 година на ТИТАН обезбедуваат богат и амбициозен збир на мерливи индикатори во сите области на фокус – декарбонизација и дигитализација, работно опкружување што овозможува раст, позитивно локално влијание и одговорно управување со ресурсите – сето тоа поткрепено со добро владеење, транспарентност и деловна етика.

## Декарбонизација

Групацијата ТИТАН беше меѓу првите компании во глобалната цементна индустрија чии цели за намалување на емисиите на стакленички гасови до 2030 година беа потврдени од иницијативата за научно базирани цели (SBTi) како конзистентни со нивоата потребни за ограничување на зголемувањето на глобалната температура на 1,5 °C. Подигнувајќи ја својата климатска амбиција уште повисоко, ТИТАН се обидува да се справи не само со директните емисии (Опсег 1) и индиректните емисии од производството на купена електрична енергија (Опсег 2), туку и со другите индиректни емисии во синџирот на набавки (Опсег 3).

Исто така, ТИТАН е посветен на постигнување нето-нула емисии до 2050 година. Стратегијата за декарбонизација на ТИТАН вклучува сеопфатен сет лостови за намалување на емисиите од производството на цемент преку забрзување на употребата на алтернативни горива, замена на клинкер со цементни материјали со помал јаглероден интензитет, зголемување на енергетската ефикасност и оптимизирање на мешавината на суровини. Групацијата ќе продолжи да користи уникатни средства и компетенции, вклучително и нејзината комерцијална технологија за третман на летечка пепел за да обезбеди иновативни решенија за идниот нето-нула синџир на градежна вредност.

## Дигитализација

ТИТАН е еден од пионерите во својот сектор во имплементацијата на иновативни дигитални решенија што се базираат на вештачка интелигенција (AI) во своето работење. Веќе има имплементирано значајни иновации со мерливо влијание, какви што се оптимизацијата во реално време и предвидливите решенија за одржување за своите производни операции. ТИТАН има за цел да продолжи да ги подобрува своите оперативни перформанси и искуството на своите купувачи преку искористување големи податоци и вештачка интелигенција за да развие дигитално моќен и ефикасен оперативен модел и да обезбеди врвни дигитални решенија за своите купувачи. „Фабриките за цемент на иднината“ на ТИТАН целосно ќе ја искористат моќта на дигиталните технологии и напредната аналитика за да постигнат поголема продуктивност и доверливост на средствата, да го намалат влезот на податоците во производството и енергетската потрошувачка и да ги намалат емисиите на $CO_2$. Групацијата исто така применува иновативни дигитални решенија за следната генерација на управување со синџирот на набавки, со оптимизирани мрежи за дистрибуција, предвидливо планирање и динамични логистички операции. И конечно, дигитално овозможеното искуство на купувачите ќе поттикне создавање вредност за нашиот бизнис со цемент и бетон преку извонредност во нашите услуги за купувачите.

**Групацијата сега започнува три стратегиски иницијативи за да ја зајакне имплементацијата на стратегијата на ТИТАН и да го забрза својот раст и трансформациско патување насочено кон купувачите.**

## 1. Развој на бизнисот

Искористувајќи ги оперативната извонредност, карактеристичните еколошки, општествени и управувачки перформанси и извонредната соработка со купувачите, заедно со декарбонизацијата и дигитализацијата, ТИТАН ќе продолжи да ја развива својата платформа за развој, максимално користејќи ги можностите за зајакнување и проширување на основните активности за нискојаглероден цемент и бетон, како и да ги следи можностите во сродните и новите извори на вредност во синџирот на вредности на градежни материјали. Групацијата ќе го развива бизнисот на сите фронтови за да ги зголеми приходите, но, исто така, да ја изгради севкупната финансиска сила на Групацијата преку подобрување на перформансите на маржата и на конверзијата на слободни парични текови, подобрување на ефикасноста на распределбата на капиталот и оптимизирање на обртниот капитал. За таа цел, се развиваат насочени можности за секој пазар што ќе се користат заедно со неколку стратегиски работни текови предводени од Групацијата.

## 2. Фокус кон купувачот

Групацијата ТИТАН отсекогаш ги опслужувала своите купувачи со висококвалитетни производи и решенија. За понатамошно зголемување на вредноста што им ја нуди на своите купувачи, ТИТАН ја подобрува својата комерцијална трансформација која, заедно со дигитализацијата, декарбонизацијата и оперативната извонредност, ќе овозможи на Групацијата да одговори на променливите потреби на купувачите на секој пазар и сегмент, и да понуди повеќе иновативни, декарбонизирани и исплатливи материјали и решенија.

Следејќи го пазарно ориентираниот пристап, ТИТАН тесно ќе соработува со своите купувачи за да понуди стручни совети и соодветни решенија. За да се постигне овој оперативен модел што е насочен кон купувачот, Групацијата ќе стимулира инвестиции за зголемување на извонредноста и експертизата на продажната сила во сите градежни сегменти, ќе развива дигитални решенија што ја олеснуваат интеракцијата со купувачите и ќе лансира иновативно, зелено, комплементарно портфолио на производи.

## 3. Градење таленти

Долгата традиција на ТИТАН на градење способности и развивање таленти со амбициозен, претприемачки начин на размислување и со култура предводена од вредности, лежи во основата на неговиот развојно ориентиран стратегиски план. Стратегискиот план опфаќа и е придвижуван од забрзан поттик за трансформирање на Групацијата преку понатамошно градење таленти, како во смисла на развој на основните компетенции, така и на нови лидерски вештини. Групацијата ќе ја зајакне својата флексибилна и агилна организација низ целиот свој отпечаток, каде што тимовите со високи перформанси соработуваат беспрекорно и се овластени да донесуваат одлуки и да реагираат флексибилно на променливиот свет.




1 **Развој на бизнисот**
Силна основа и активни сродни области

2 **Фокус кон купувачот**
Деловен модел базиран на маркетинг

3 **Градење таленти**
Посветени и компетентни вработени

# Глобално присуство

**За своите резултати и активности, Групацијата ТИТАН известува врз основа на четири географски региони и заедничкото вложување во Бразил.**

## Соединети Американски Држави

| | |
|---|---|
| 2 Интегрирани цементарници | 8 рудници |
| 82 погони за готов бетон | 3 транспортни терминали |
| 8 погони за бетонски блокови | 4* погони за преработка на летечка пепел |

Главни производи/активности

€

Приход од продажба 1.314,3 мил.

EBITDA 188,2 мил.

Актива 1.362,2 мил.




### Соединети Американски Држави

Интегрирани цементарници

1. Роаноке – Вирџинија
2. Пенсуко – Флорида

### Бразил (заедничко вложување)

Интегрирана цементарница

1. Кишере

Постројка за мелење

2. Песем

## Бразил

| | |
|---|---|
| 1 интегрирана цементарница | 1 постројка за мелење |
| 4 рудници | 4 погони за готов бетон |

Главни производи/активности

**Легенда на главни производи/активности:**

- Цемент
- Готов бетон
- Агрегати
- Сув малтер
- Бетонски блокови
- Летечка пепел
- Управување со отпад и алтернативни горива

* Вклучен е еден погон во Канада




## Југоисточна Европа

Интегрирани цементарници

1. Косјериќ – Србија
2. Златна – Бугарија
3. Шар – Косово
4. УСЈЕ – Северна Македонија
5. Антеа – Албанија

### Југоисточна Европа

- **5** интегрирани цементарници
- **21** рудник
- **6** погони за готов бетон
- **1** погон за процесирани и преработени горива

Главни производи/активности

€

Приход од продажба 385,9 мил.

EBITDA 95,0 мил.

Актива 489,5 мил.




## Источен Медитеран

Интегрирана цементарница

1. Токат

Постројка за мелење

2. Мармара




Интегрирани цементарници

1. Александрија
2. Бени Суеф

### Источен Медитеран

- **3** интегрирани цементарници
- **1** постројка за мелење
- **13** рудници
- **6** погони за готов бетон
- **1** транспортен терминал
- **2** погона за процесирани и преработени горива

Главни производи/активности

€

Приход од продажба 255,6 мил.

EBITDA 19,6 мил.

Актива 442,8 мил.




## Грција и Западна Европа

Интегрирани цементарници

1. Солун
2. Камари
3. Патрас

Постројка за мелење

4. Елефсина

### Грција и Западна Европа

- **3** цементарници
- **1** постројка за мелење
- **25** рудници
- **29** погони за готов бетон
- **3** транспортни терминали
- **1** погон за сув малтер
- **2** погона за процесирани и преработени горива

Главни производи/активности

€

Приход од продажба 326,4 мил.

EBITDA 28,5 мил.

Актива 699,8 мил.

| ЕУ регулативата за таксономија | Промет (%) | Оперативни расходи (%) | Капитални расходи (%) |
|---|---|---|---|
| Подобни економски активности според ЕУ регулативата за таксономија | 59,2 | 58,2 | 56,1 |
| Производи и инвестиции усогласени со ЕУ регулативата за таксономија | 8,6 | 7,0 | 16,0 |

# За УСЈЕ

## Информации за компанијата

Цементарница УСЈЕ АД Скопје е производител на цемент и на други градежни материјали. Како членка на Групацијата ТИТАН, УСЈЕ работи во согласност со најдобрите светски практики, грижејќи се за потребите на општеството и за одржливиот развој преку одговорност и интегритет.

УСЈЕ е основана во 1955 година. Денес е една од најголемите домашни компании со значаен придонес во развојот на земјата. Има околу 237 вработени (на 31 декември 2022 година) и отвора работни места преку соработка со локалните добавувачи и изведувачи. Компанијата управува со неколку рудници низ земјата.

Покрај производството на цемент, УСЈЕ има и погон за готов бетон и за агрегати за производство на различни видови бетон и агрегати. Своите производи ги испорачува на домашниот и на регионалниот пазар (Косово, Албанија и Бугарија).

Цементарница УСЈЕ создава вредност преку трансформирање на суровините во готов градежен производ – цемент, со што се задоволува потребата на општеството за квалитетно, безбедно и издржливо домување и инфраструктура.

Цементарница УСЈЕ е посветена на одржливоста и има за цел да одговори на глобалните предизвици за одржливост според рамката на Целите за одржлив развој на Обединетите нации до 2030 година.



## НАШИТЕ ПРОИЗВОДИ

| Цемент | Готов бетон | Агрегати |
|---|---|---|

Воведување на CEM II/B-V 42,5 R во согласност со глобалните напори на цементната индустрија и Групацијата ТИТАН за намалување на емисиите на $CO_2$. Содржината на клинкер е околу 3% помала во споредба со CE II/A-V 42,5 R, со можност за дополнително намалување со оптимизација. Дополнителна придобивка во споредба со неговиот претходник CEM II/B-M (V-L) 42,5 R, е тоа што CEM II/B-V 42,5 R користи поголеми количини летечка пепел (~4%).

# Нашите вредности

**Со нашите иновативни градежни решенија сакаме да изградиме одржлив свет. Нашите вредности нѐ одредуваат кои сме; тие ја насочуваат нашата стратегија и ја обезбедуваат основата за сите наши активности. Тие се цврст темел за нашата култура и дух на заедништво.**

## Интегритет

- Етички деловни практики
- Транспарентност
- Отворена комуникација
- Добро управување

## Организација што постојано учи

- Подобрување и зголемување на базата на знаење
- Стручност при секоја функција
- Извонредност во однос на главните компетенции

## Вредност за купувачите

- Предвидување на потребите на купувачите
- Иновативни решенија
- Висококвалитетни производи и услуги

## Испорачување резултати

- Вредност за акционерите
- Јасни цели
- Високи стандарди
- Фокус на перформанси

## Постојано подобрување

- Фокус на иновации
- Подготвеност за промена
- Справување со предизвиците
- Тимска соработка

## Одржлив развој

- Безбедноста на прво место
- Ублажување на климатските промени
- Силни еколошки перформанси
- Вклученост на засегнатите страни и корпоративна општествена одговорност

# Историјат на одговорно деловно работење

**Раководени од нашиот претприемачки дух и посветеноста кон одржлив развој, низ годините ги развиваме нашите деловни активности.**

## ПОЧЕТОЦИ И НАПРЕДОК ВО РАНИТЕ ФАЗИ

### 1955 - 1960

Основање на Цементарница УСЈЕ и почеток со работа на првата ротирачка печка во април 1955 година. Втората ротирачка печка беше пуштена во употреба во 60-тите.

### 1967 - 1973

Почнаа да работат две нови линии: Печка 3 и Печка 4, додека Печка 1 и Печка 2 беа изгаснати.

## НОВО ПОГЛАВЈЕ ВО РАЗВОЈОТ

### 1998

Групацијата ТИТАН го откупи мнозинскиот пакет акции на Цементарница УСЈЕ

### 2000-2003

Беа инсталирани врекасти филтри на линија 3 и линија 4

### 2004-2008

Сертификација со систем за квалитет ISO 9001: 2000

Сертификација со систем за управување со животната средина ISO 14001: 2004

Инсталиран систем за независно 24-часовно континуирано мерење емисии

УСЈЕ станува член на локалната канцеларија во Северна Македонија на Мрежата на Глобалниот договор

## КОНТИНУИРАНА ЕВОЛУЦИЈА ВО СИТЕ ОБЛАСТИ

### 2009-2011

УСЈЕ почнува со јавно објавување на податоците од мерењата на животната средина

УСЈЕ го формира Одборот за општествена одговорност и го објавува својот прв извештај за КОО и одржлив развој

УСЈЕ го организира првиот Форум за вклучување на засегнатите страни

Воспоставен е систем за безбедност и здравје за управување со изведувачи

Сертификација со систем за управување со безбедност и здравје OHSAS 18001-2007

УСЈЕ добива А-Интегрирана еколошка дозвола А-IPPC

УСЈЕ добива Национална награда за најдобри практики за ООП во категоријата Животна средина и три плакети

Првиот Отворен ден на компанијата

### 2012-2016

Организиран е првиот Ден за комуникација за вработените на УСЈЕ

Прва пречистителна станица за третман на атмосферски води

Инвестиција во опрема за намалување на $NO_x$

Воведена е ТИТАН Платформа за лидерство

### 2018 - 2019

Воведени алтернативни горива во оперативниот процес

Интегриран систем за управување со квалитет и животна средина

Награда Предводник на целите за одржлив развој 2018

Награда за унапредување на човековите права во бизнисот 2019

## НАЈНОВИ ДОСТИГНУВАЊА И ПРЕСВРТНИЦИ

### 2020

Интеграција на системите за управување: ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, ISO 45001:2018 и ISO 50001:2018

Иницијативи за ниско ниво на јаглерод: нов цемент тип CEM IV/B (V-P) 32,5 N

TITAN Up дигитална платформа за купувачи

Ажурирање на процената на ризикот врз биодиверзитетот според глобалните стандарди

Аквизиција на Опалит

### 2021

Продажбата надмина **1 милион** тони цемент

Награда Предводник за Целите за одржлив развој во однос на практиките поврзани со Целта 3, Целта 4 и Целта 13

### 2022

Признание за општествена одговорност

Инсталација на фотоволтаична централа

2 години без повреда со изгубено време (LTI)

# Креирање и споделување вредности

**Ефикасно ги користиме нашите клучни ресурси за да создадеме одржлива, долгорочна вредност преку нашите производи и услуги.**

СЕ ПОТПИРАМЕ И ГО КОРИСТИМЕ НАШИОТ КАПИТАЛ

**Финансиски капитал**

Ефикасно ги користиме нашите економски ресурси за да го поддржиме нашиот деловен пораст и да ја заштитиме меѓународната конкурентност.

**Производствен капитал**

Ги произведуваме нашите производи користејќи ги најдобрите достапни технологии и обезбедуваме сигурна дистрибуција до нашите купувачи преку наменски терминали.

**Интелектуален капитал**

Ги користиме нашите способности за истражување и развој и нашето продлабочено познавање на индустријата за градежни материјали, со цел да ја зајакнеме нашата понуда и да го подобриме нашето работење.

**Човечки капитал**

Го вреднуваме придонесот на нашите луѓе и континуирано го поддржуваме нивниот професионален развој во работна средина што е карактеризирана со дијалог, инклузија и соработка.

**Капитал создаден од соработка со заедницата**

Соработуваме и ги вклучуваме нашите засегнати страни преку градење долгорочни односи засновани на доверба и соработка за да создадеме позитивно влијание врз општеството и локалните заедници.

**Природен капитал**

Постапуваме одговорно со суровините преку нашиот придонес за циркуларната економија и со зачувување на природните ресурси и биодиверзитетот во областите во кои делуваме.

ЗА ДА ГИ ОБЕЗБЕДИМЕ НАШИТЕ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

## И ДА СОЗДАДЕМЕ ВРЕДНОСТ ЗА НАШИТЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

| Клучни индикатори | Износи | Засегнати страни |
|---|---|---|
| Инвестиции за развој на компанијата | 374 милиони МКД | Купувачи<br>Вработени<br>Локални заедници и влади<br>Регулаторни и други управи<br>Акционери<br>Деловни партнери и добавувачи<br>Изведувачи<br>Медиуми<br>Локални власти<br>Граѓанско општество<br>Академската јавност и истражувачи |
| Даноци кон националните и локалните власти | 52 милиони МКД | |
| Вкупно потрошени средства за локални и меѓународни добавувачи за добра и услуги | 6.003 милиони МКД | |
| Додадена бруто-вредност | 1.611 милиони МКД | |
| Додадена нето-вредност | 1.419 милиони МКД | |
| За плати, пензии и социјални придонеси вклучувајќи и дополнителни придонеси и бенефиции што ги надминуваат законски предвидените | 311 милиони МКД | |
| Зелени инвестиции | 51 милиони МКД | |
| Поддршка на проекти во заедницата | 9.599 милиони МКД | |
| Нови вработувања | 25 | |
| Практиканти | 18 | |

# Валидација на материјалноста и вклучување на засегнатите страни

**Соработуваме со нашите засегнати страни за да ги разбереме детално нивните очекувања и потреби. Утврдувањето што е најзначајно за нив и за бизнисот преку процес на процена на материјалноста, ни помага да развиеме одржливи деловни стратегии и да создадеме трајна вредност.**

## Процена на материјалноста – тековен процес

Нашата процена на материјалноста е тековен процес што обезбедува основа за развивање и спроведување на нашата стратегија за одржливост. Резултатите од процесот на процена на материјалноста се користат при обликување на содржината на Годишниот извештај за одржливост и за насочување на акциите и на иницијативите што се однесуваат на приоритетите на нашите деловни активности и на засегнатите страни. Прегледот и ажурирањето на процесот на процена на материјалноста беше спроведен во 2016 и 2018 година, а потоа повторно во 2020 година. Целосниот циклус на процена на материјалноста во ТИТАН има вкупно времетраење од пет години.




Како подготовка за нашиот следен циклус на процена на материјалноста, кој треба да започне во 2025 година, ги потврдивме нашите материјални прашања со клучните засегнати страни. Десет засегнати страни беа поканети да дадат директна повратна информација за нивните ставови за важноста и релевантноста на нашите материјални прашања преку е-прашалник. Структурираниот е-прашалник за вклученоста на засегнатите страни беше доставен до сите засегнати страни преку наменска платформа, обезбедувајќи анонимност и непристрасност на одговорите и на другите повратни информации. Сите засегнати страни што беа поканети, се очекуваше да одговорат на е-прашалникот во дадениот рок. По добивањето на резултатите, следеше оценка од менаџерскиот тим на УСЈЕ и беше презентирана на состанокот со претставници на другите членки на Групацијата.

| Список на засегнати страни | Број на учесници |
|---|---|
| Купувачи | 2 |
| Вработени | 2 |
| Локални заедници и влада | 1 |
| Деловни партнери и добавувачи | 2 |
| Надворешни изведувачи | 2 |
| Академска и истражувачка заедница | 1 |

## Чекори за процена на материјалноста

1. Дефинирање на листата на клучни засегнати страни
2. Подготовка на прашалникот на ниво на деловната единица
3. Споделување на е-прашалникот со засегнатите страни и барање повратни информации
4. Процена на резултатите

## Општи информации

| Учесници | Одговориле | Стапка на одговорени прашалници | Почеток на процесот | Времетраење на процесот на прибирање одговори |
|---|---|---|---|---|
| 10 | 9 | 89% | 16 мај | 12 дена |

## Матрица на материјалноста на УСЈЕ 2021-2025 година



# Соодветни Цели за одржлив развој на ОН 2030 за материјалните прашања на УСЈЕ за 2022 година

Процената на материјалноста обезбедува јасна врска помеѓу идентификуваните клучни материјални прашања со релевантните Цели за одржлив развој воспоставени од ОН за да се постигне долгорочен раст и развој до 2030 година.

Ние сме посветени на усогласување на нашата стратегија и деловните акциони планови со материјалните прашања од највисок приоритет на нашите засегнати страни и работиме кон задоволување на нивните потреби.

## Релевантни Цели за одржлив развој (ЦОР) за секое поединечно материјално прашање

| Материјални прашања 2022 | Клучни ЦОР за УСЈЕ | Дополнителни ЦОР |
|---|---|---|
| Управување со локалните влијанија врз животната средина и заштита на природните ресурси | 13 | 3, 17, 6, 11, 12 |
| Безбедна и здрава работна средина за нашите вработени и за деловните партнери | 3 | 17, 4, 8 |
| Градење доверба со нашите купувачи и унапредување на нивното задоволство | 17 | 12, 3 |
| Добро управување и деловна етика | 17 | 4, 8, 5 |
| Продолжување на соработката и придонесот кон одржливоста на заедниците | 17 | 4, 9, 11 |
| Декарбонизација, енергетска ефикасност и отпорност на деловниот модел | 13 | 17, 7, 11, 15, 9 |
| Вклучување на вработените, нивен развој и добросостојба | 3 | 17, 4, 8, 5 |
| Одржлив и стабилен синџир на набавки | 12 | 17, 3, 8 |

# Области во фокус на целите за животна средина, придонес кон општеството и корпоративно управување на Групацијата ТИТАН

Во 2021 година УСЈЕ ги усвои целите за животна средина, придонес кон општеството и корпоративно управување (ESG) на Групацијата ТИТАН за 2025 година и понатаму, со фокус на четирите столба дефинирани како материјални за Групацијата ТИТАН. Понатаму во овој извештај, во поглавјето ESG известување, се претставени најзначајните материјални прашања на УСЈЕ и нивната поврзаност со областите во фокус.

| Фокус области на Групацијата ТИТАН | **ДЕКАРБОНИЗАЦИЈА И ДИГИТАЛИЗАЦИЈА** | **РАБОТНО ОПКРУЖУВАЊЕ ШТО ОВОЗМОЖУВА РАСТ** | **ПОЗИТИВНО ЛОКАЛНО ВЛИЈАНИЕ** | **ОДГОВОРНО УПРАВУВАЊЕ СО РЕСУРСИТЕ** |
|---|---|---|---|---|
| |  |  |  |  |
| Амбиција на Групацијата ТИТАН | Ќе го трансформираме нашето работење, фокусирајќи се на отпорност, иновација и градење решенија во насока на поефикасно опслужување на нашите купувачи додека се движиме кон свет што е дигитален и јаглеродно неутрален | Ќе негуваме инклузивна култура со еднакви можности за сите наши луѓе за да може професионално да напредуваат во безбедна и здрава средина | Ќе им овозможиме на нашите луѓе и деловни операции ширум светот да придонесат кон просперитетот на локалните заедници, почитувајќи ги нивните општествени и еколошки прашања | Ќе ги зајакнеме нашите бизнис екосистеми, со цел да ги инкорпорираат достигнувањата во однос на одржливоста во нивните деловни одлуки и во нивното секојдневно однесување, а притоа со одговорно користење на природните ресурси |
| Сите се темелат на: добро управување, транспарентност и деловна етика | | | | |

# Поврзување на материјалните прашања на УСЈЕ со фокус областите на Групацијата ТИТАН

Ги поврзуваме нашите осум високоприоритетни материјални прашања што се групирани во четирите фокус области на Групацијата ТИТАН и сите се поткрепени со добро управување, транспарентност и деловна етика. Објавените податоци за конкретните клучни индикатори на успешноста (KPI) на перформансите на УСЈЕ во областите на животната средина, придонес кон општеството и корпоративното управување во 2021 година се реструктурирани со следење на резултатите од процената на материјалноста на ниво на Групацијата со користење на „компасот" на фокус областите на ТИТАН: 1. Декарбонизација и дигитализација; 2. Работно опкружување што овозможува раст; 3. Позитивно локално влијание; и 4. Одговорно управување со ресурсите. Сите се темелат на 5. Добро управување, транспарентност и деловна етика. Ги усогласивме соодветните клучни индикатори на успешноста (KPI) на перформансите во областите на животната средина, придонес кон општеството и корпоративното управување со материјалните прашања што се најрелевантни за нашите области во фокус. Новиот пристап во нашето ESG известување има за цел да им обезбеди на надворешните и на внатрешните засегнати страни ефикасен проток на метрика околу објавените податоци на резултатите што се сосредоточуваат на рамката за материјалност на ТИТАН и се поврзани со целите на ТИТАН за 2025 година и понатаму. Дијаграмот може да се најде во делот за известување за резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно работење на стр. 62.



# ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРПОРАТИВНО РАБОТЕЊЕ





# Корпоративно управување и управување со ризиците

## Изјава за корпоративното управување

Начелата на добро корпоративно управување, како систем на правила, практики и процеси, поткрепени од сеопфатното управување со ризиците, се од суштинска важност за градењето ефективни надворешни односи, а со тоа и за одржување на стабилноста на компанијата.

Како акционерско друштво во потсегментот Задолжителна котација на Македонска берза, Цементарница УСЈЕ АД Скопје ги применува начелата на добро корпоративно управување во согласност со стандардите и начелата утврдени со законската регулатива. Акционерското друштво ги применува начелата на Кодексот за корпоративно управување на котирани акционерски друштва на Македонската берза (ККУ од 2021 година или Кодексот).

Акционерскиот капитал на Акционерското друштво изнесува 1.747.730 илјади денари и е претставен со 563.784 обични акции, со номинална вредност од 3.100,00 денари по акција.

Акционерската структура на Акционерското друштво на 31 декември 2022 година е следната:

- ТИТАН ЦЕМЕНТ Холандија Б.В. (TITAN CEMENT Netherlands B.V.) поседува 535.596 акции што одговараат на 95% од правата на глас на компанијата
- Останати: 28.188 акции што одговараат на 5% од гласачките права на Акционерското друштво.

Управувањето на Друштвото е организирано како едностолбена структура на управување, составена од Одбор на директори (Одбор). Одборот има најшироки овластувања да ги спроведе сите неопходни или корисни дејства за постигнување на целта на компанијата, со исклучок на оние што Генералното собрание на акционери е овластено да ги спроведува онака како што е пропишано со Законот за трговските друштва.

На 31 декември 2022 година, Одборот беше составен од шест (6) члена и тоа: еден (1) извршен член, т.е. главен извршен директор (ГИД), и пет (5) неизвршни членови, од кои два (2) се независни. Ниту еден од неизвршните членови не добива никаков надоместок за учеството во Одборот на директори.

Главниот извршен директор не добива никаков надоместок за учеството во Одборот на директори. Вкупните приходи (плати, други придонеси, бонуси, осигурување и други примања) на извршниот член на Одборот на директори и на другите членови на клучниот кадар на компанијата за 2022 година изнесуваат 117 милиони денари.

За да се постигне ефикасност и ефективност во секојдневното работење, Одборот на директори донесе различни одлуки без одржување седници во повеќе наврати во текот на 2022 година. Воедно, беа запазени сите законски рокови и обврски за правилно, навремено и точно информирање на членовите на Одборот на директори, вклучително и земањето предвид на интересите на компанијата и на акционерите. Сите одлуки од горенаведениот период беа донесени со согласност на сите членови на Одборот.

Во текот на 2022 година, Годишното собрание на акционери се одржа на 20 мај 2022 година, а Вонредното собрание на акционери се одржа на 31 октомври 2022 година.

Цементарница УСЈЕ АД Скопје, како дел од Групацијата ТИТАН, останува посветена на највисоките начела на управување, стремејќи се кон постојано подобрување на своите перформанси и промовирање транспарентност, одржливост и создавање долгорочна вредност.




## ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ:

- **Јани Паниарас**, претседател
- **Борис Хрисафов**, главен извршен директор
- **Лукас Петкидис**, независен, неизвршен член на одборот
- **Фокион Тасулас**, независен, неизвршен член на одборот
- **Мирослав Глигоријевиќ**, неизвршен член на одборот
- **Марио Брачи**, неизвршен член на одборот

### ОДБОР ЗА КРЕДИТНА КОНТРОЛА

Главната улога на Одборот е поврзана со следењето и контролата на побарувањата од купувачите и долговите, а како главни задачи на Одборот се следниве:

- Процена и одобрување заеми
- Формулари за оценка/рангирање на купувачите
- Подмирување долгови од страна на купувачите
- Покритие за долгови/гаранции
- Мониторинг и контрола на кредити
- Разграничување одредби што се однесуваат на кредитниот ризик

### ЦЕНТРАЛЕН ОДБОР ЗА УПРАВУВАЊЕ

Од 2013 година, во насока на понатамошно подобрување на процесот на донесување одлуки и корпоративно управување, компанијата има Централен одбор за управување составен од главен извршен директор, технички директор, менаџер за продажба, менаџер за финансии и менаџер за човечки ресурси и корпоративна општествена одговорност. Централниот одбор за управување се состанува секој месец, а на состаноците членовите разговараат за стратегиски прашања и за управување со ризици.

### ОДБОР ЗА КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Овој Одбор е воспоставен во 2009 година и е задолжен за интегрирањето и спроведувањето на стратегијата на Групацијата ТИТАН на локално ниво. Со него претседава главниот извршен директор, а го сочинуваат менаџерите на највисоко ниво, вклучувајќи ги менаџерите за безбедност и здравје, за животна средина и за човечки ресурси. Одборот за КОО се состанува од четири до шест пати годишно, а во некои случаи и секој месец, заради разгледување и евалуирање на акциските планови и достигнувањата, како и воведување натамошни подобрувања. Во насока на обезбедување дополнителна кохезија внатрешно во рамките на Групацијата, Одборот за КОО на УСЈЕ има назначено еден од своите членови како претставник во Мрежата на делегати за врски за КОО на Групацијата, чија цел е подобрување на внатрешната комуникација, споделување и учење од најдобрите практики на Групацијата.

### ЦЕНТРАЛЕН ОДБОР ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ

Централниот одбор за безбедност и здравје на УСЈЕ обезбедува стратегиски насоки за иницијативи со кои се подобрува безбедноста и здравјето на вработените и на изведувачите. Одборот воспоставува ефективни процеси за целосно промовирање на Политиката за безбедност и здравје на Групацијата ТИТАН. Со него претседава главниот извршен директор, а е структуриран од 5 пододбори: безбедносни инциденти, безбедносни проверки, управување со изведувачите, клучни индикатори и правила и процедури. Заедничката и крајна цел е да се заштити безбедноста и здравјето на нашите вработени и на вработените на нашите изведувачи како едно од основните човекови права на работното место.

### ОДБОР ЗА КВАЛИТЕТ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Одборот за квалитет и животна средина е одговорен за воспоставување на Политиката за квалитет и животна средина на компанијата и за утврдување на целите за квалитет и животна средина. Покрај ова, Одборот спроведува и внатрешни ревизии на квалитетот и на животната средина и прегледи на системот за квалитет и животна средина. Одборот за квалитет и животна средина ги утврдува еколошките аспекти и вонредните ситуации што се однесуваат на заштитата на животната средина итн.

## Политики и Кодекс на однесување на Групацијата

Со цел да се осигуриме дека нашето деловно работење се спроведува со почит, отчетност и одговорност, ние целосно ги усвоивме Кодексот на однесување на Групацијата и Политиките на Групацијата, што се применливи во сите наши оперативни активности и кои ги покриваат сите стратегиски области и обезбедуваат упатства за нашите вработени и за надворешните деловни соработници во насока на усогласување со важечките внатрешни и статутарни правила.

Во 2021 година, Групацијата ТИТАН воведе нова Политика за набавки. Целта на Политиката за набавки е да ги постави основните начела со кои се регулираат набавките во сите деловни единици на ТИТАН, а кои вработените во Групацијата ТИТАН мора да ги следат и со кои се очекува добавувачите да бидат усогласени кога се вклучени во активностите за набавка. Дополнително, Кодексот на однесување за набавки на Групацијата беше објавен во 2022 година и доставен до сите деловни единици на Групацијата.

На почетокот на 2022 година, Групацијата ТИТАН воведе нова Политика за диверзитет, правичност и инклузивност. Диверзитетот, правичноста и инклузивноста (DE&I) се суштински вредности за нашата култура, стратегија и секојдневни работни практики. Посветени сме на создавање работна средина во која сите разлики се вреднуваат и се негуваат, и секој има можност да напредува и да чувствува припадност. Оваа политика е преведена и објавена на локалниот интранет Connections на Групацијата. Се обврзуваме дека 1/3 од нашите членови на Одборот на директори ќе бидат жени до 2025 година.

Проценката на политиките на Групацијата беше спроведена пред неколку години од Одделот за човечки ресурси на Групацијата за да се дефинираат соодветно приоритетите и идните цели. Кодексот на однесување, Политиката за човекови права и КОО се ревидирани за да вклучуваат појасни ставови за диверзитетот и за инклузијата.

## Диверзитет и инклузија

Ние се залагаме за еднакви можности и за поттикнување диверзитет и инклузија на секое ниво на вработување во компанијата. „Диверзивното и инклузивно работно опкружување“ се препознава како материјално прашање на Групацијата. Диверзитетот е многу повеќе од род, возраст, националност, попреченост, етничко потекло, сексуална ориентација, култура, образование и професионално искуство. На ниво на Групацијата, особено внимание се посветува на следењето на имплементацијата на нашата Политика за човекови права, а еден дел од неа се однесува на унапредувањето на диверзитетот и обезбедување постојано подобрување на диверзитетот во организацијата. Подобрувањето на родовата застапеност на сите нивоа е секогаш област на која се сосредоточуваме. Воедно, ние се фокусираме на инклузијата и на создавањето работна средина во која се максимизира потенцијалот на нашите вработени.

## Човекови права

Во ТИТАН и во Цементарница УСЈЕ почитувањето и промовирањето на човековите права имаат длабоки корени во сите области на нашето работење, со сите наши засегнати страни, вработени, синџир на вредности и заедници. Нашата Политика за човекови права е во согласност со Десетте начела од Глобалниот договор на Обединетите нации, конвенциите на Меѓународната организација на трудот (ILO), Универзалната декларација за човекови права и Водечките начела на ОН за бизнис и човекови права. Во рамките на овие активности, имаме за цел да промовираме почитување на човековите права во нашите области на влијание. Ова ги вклучува следниве права:

- почитување на слободата на здружување;
- вреднување на различноста; еднакви можности за сите;
- елиминирање на сите форми на дискриминација;
- разгледување на човековите права при инвестициските одлуки.

Во согласност со Водечките начела на Обединетите нации за бизнис и човекови права, ТИТАН се залага за почитување и ги поддржува човековите права во однос на своите вработени, заедниците каде што работи и деловните партнери. Човековите права се една од клучните тематски области во Програмата за усогласеност на Групацијата ТИТАН, со која се обезбедува добро структурирана рамка за решавање на релевантните активности на дисциплиниран и холистички начин во Групацијата. Нашата посветеност на почитувањето на човековите права на сите луѓе, а особено на засегнатите страни од нашето работење, е специфицирана во согласност со Водечките начела на Обединетите нации за бизнис и човекови права во Политиката за човечки ресурси на Групацијата што беше усвоена во 2018 година.

Нашата политика за укажување, воведена во 2020 година, ги охрабрува вработените да пријават можно недолично однесување, измама или злоупотреба. Паралелно, EthicsPoint, платформа за пријавување на Групацијата започната во 2020 година, обезбедува единствен, анонимен и строго доверлив канал преку глобално достапна дигитална алатка, чија цел е постигнување на уверување дека инцидентите се пријавени, се разгледуваат и се решаваат според план за поправни мерки, кога и ако тоа е неопходно за да се поттикне културата на интегритет и етичко однесување.

Работничките права се материјално прашање за сите вработени, регулатори и заедници. Групацијата ТИТАН ја обезбедува слободата на здружување на вработените. Синдикатите, кога се основани од вработените, учествуваат на билатералните состаноци со високото раководство на годишно ниво и се дел од дијалогот со засегнатите страни, кој се осврнува на стратегиски прашања во рамките на одржливиот развој. Синдикалните претставници имаат право да се состануваат со линиското раководство и да ги изнесуваат своите загрижености, да предлагаат подобрувања и да преговараат за договори за различни прашања, какви што се платите и дополнителните бенефиции и предлози за подобрување на здравствените и на безбедносните услови. УСЈЕ има потпишано Договор за колективно преговарање со Синдикатот на компанијата, а воедно го почитува и Општиот колективен договор за бизнис-секторот.

# Управување со ризици

Ефективното управување со ризиците ја подобрува способноста на Групацијата ТИТАН и на УСЈЕ да управуваат со ризици и им помага побрзо да се приспособат на променливото деловно опкружување. УСЈЕ активно се справува со ризиците во насока на заштитување на долгорочната одржливост на своето работење. Нашиот пристап за управување со ризици вклучува системи за управување, поставување стратегиски цели, корпоративно управување, политики, известување, комуникација со засегнатите страни и мерење на перформансите во сите деловни активности.

Актуелните политички тензии, кои ескалираа поради тековната ситуација во Украина, негативно влијаеја врз стабилноста на финансиските можности и на пазарите на стока. Воениот конфликт поттикнат од руската инвазија на Украина, создаде геополитички несигурности со макроекономски импликации.

Светот останува заложник на трагичните настани во Украина, кои се претвораат не само во човечко страдање и загуба, туку имаат и негативни последици врз глобалната економија во форма на инфлациски притисоци, прекини во синџирот на снабдување и зголемена геополитичка неизвесност. Тешко е да се предвиди колку долго ќе трае оваа социјална и економска нестабилност и кога и на кое ниво ќе се стабилизираат финансиските показатели. Ефектите од ваквата состојба, во многу поширок контекст, вклучително и во енергетскиот сектор, се очекуваше негативно да се одразат на пазарните движења, а со тоа дополнително да го зголемат ризикот од инфлација. Сепак, менаџментот на УСЈЕ ги става своите вработени пред сѐ друго и ги презема сите заштитни мерки за да ги заштити интегритетот и добросостојбата на своите луѓе.

| | Управување со ризиците | | |
|---|---|---|---|
| | Предводено од Групацијата | Комбинирано | Предводено од УСЈЕ |
| **Опфатени ризици** | **Стратегиски, на пример:**<br>• Ублажување и приспособување кон климатските промени<br>• Цикличност на индустријата<br>• Пазарни услови<br>• Политичка и економска несигурност<br>• Глобални нарушувања (на пример КОВИД-19)<br><br>**Финансиски – особено во однос на:**<br>• Ризици по девизниот курс<br>• Ризици по каматната стапка<br>• Ризици по ликвидноста и ризици на задолженост<br>• Ризици на другата договорна страна | **ESG ризици:**<br>• Безбедност и здравје<br>• Ризици во однос на животната средина<br>• Човечки ресурси, диверзитет и инклузија<br>• Ризик за регулаторна инклузија<br><br>**Оперативни ризици:**<br>• Производствени трошоци<br>• Природни катастрофи (на пример, поради климатски промени)<br>• Ризици по кибербезбедноста<br>• Прекин во синџирот на набавки | Повеќето оперативни/ ESG ризици се случуваат на ниво на поединечните бизниси |
| **Пристап за управување со ризиците** | • Извршен одбор<br>• Capex одбор (Одбор за капитални расходи)<br>• Финансии на Групацијата<br>• Други функции во Групацијата (на пример, набавки, истражување и развој, ЧР, ESG) | • Деловни единици (ДЕ)<br>• Повисока централна ревизија и надзор наспроти ризици предводени од ДЕ | • Управувањето на УСЈЕ како дел од секојдневното работење<br>• Вградени во деловните процеси |

← Одделение за внатрешна ревизија, ризик и усогласеност и Одбор за ревизија и ризик →

## Ревизии во УСЈЕ

Во 2022 година имаше неколку надворешни, како и внатрешни планирани или непланирани ревизии на различни области. Беа извршени вкупно 19 надворешни и 13 внатрешни еколошки ревизии во однос на системите за управување со животната средина, системот за управување со енергија/енергетските ревизии, емисиите на $CO_2$, управувањето со отпадот, жалбите, издавањето дозволи и други прашања од областа на животната средина*. Нашите финансиски резултати и извештаи беа ревидирани од PriceWatehouseCoopers, додека Грант Торнтон ги ревидираше нашите годишни цели за одржливост. Непланираните ревизии ги изврши Државниот инспекторат за животна средина.

Ревизијата на Секторот за човечки ресурси ја спроведе SEE & Turkey Internal Audit во период од три седмици во текот на 2022 година. Главните цели на ревизијата вклучуваа усогласеност со важечките регулативи и политики на компанијата, работното време и пресметката на платите, администрирањето на сите видови податоци за вработените и доверливоста на личните податоци. Целокупното функционирање на Секторот за човечки ресурси беше оценето како „Задоволително“ (Satisfactory) и не беа идентификувани значителни слабости. Процесот беше оценет како добро структуриран и беше внимателно следен од Секторот за човечки ресурси; внатрешните контроли беа соодветни и придонесуваат за подобрување на ефективноста и ефикасноста на функциите за плати и човечки ресурси, додека тие се потпираат на меѓусебно поврзани системи за пресметка на платите и следење на работното време на вработените.

*ESG известување, табела 2.5.6, стр. 78*



# ПРЕГЛЕД НА РЕЗУЛТАТИТЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ПРИДОНЕС КОН ОПШТЕСТВОТО И КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ (ESG)




TITAN
CEMENTARNICA USJE

# Преглед на резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување (ESG)

Како и во претходните години, 2022 година е уште една година во која УСЈЕ се гордееше со своите напори за одржлив развој и со својата трајна посветеност кон локалните заедници и засегнатите страни и покрај предизвиците со кои се соочуваше поради влијанието на финансиската криза и пандемијата врз бизнисот и врз општеството. Во поглавјето Преглед на резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување, е претставен детален преглед на нашите годишни резултати и напредок во насока на исполнување и решавање на материјалните прашања што се идентификувани како приоритетни за УСЈЕ и за неговите засегнати страни, истакнувајќи ги, притоа, значајните достигнувања и клучните индикатори за успешност забележани во текот на годината.

## Фокус област: Декарбонизација и дигитализација

### Материјално прашање: Декарбонизација, енергетска ефикасност и отпорност на деловниот модел

### Користење алтернативни горива за ублажување на климатските промени

Применувајќи циркуларен пристап, можеме да го намалиме јаглеродниот интензитет на нашиот процес на производство на цемент заменувајќи ги, притоа, фосилните горива со горива добиени од претходно третиран отпад што не се рециклира и од отпад од биомаса за работењето на нашите цементни печки. Враќањето и рециклирањето на горивата и на материјалите во нашите процеси, ни овозможуваат да го пренасочиме отпадот од депониите и да ја подобриме хиерархијата за управувањето со отпадот на локално ниво. Инсталиравме нова опрема за сечкање и уфрлување, со цел да ја подобриме искористеноста и да ги зголемиме можностите за користење различни алтернативни горива. Оваа опрема му овозможува на УСЈЕ да користи различни фракции од неопасен отпад како алтернативни горива.

Алтернативните горива што се користеа во една од двете наши печки во 2022 година беа биомаса од земјоделски отпад (лушпи од ориз и лушпи од кафе), селектиран отпад од текстилната индустрија, отпад од амбалажа што не може да се рециклира, како и отпадна пластика што не може повторно да се користи и да се рециклира.

УСЈЕ продолжи со заложбите за користење алтернативни горива и алтернативни суровини и вложи напори за пронаоѓање нови текови на отпад. Користењето на алтернативните горива е во согласност со А-Интегрираната еколошка дозвола. При овој процес, ние ги применуваме најдобрите светски практики, докажано ефикасни технологии и опрема.

Намалување на употребата на необновливи (фосилни) горива и суровини и на емисиите на стакленички гасови и обнова на енергијата и рециклирање на материјалите наместо нивно фрлање (хиерархија на отпадот) се само дел од резултатите и придобивките од заедничката преработка на отпадот како алтернативно гориво.

УСЈЕ беше дел од регионалниот проект „Од отпад до енергија за цементната индустрија од Западен Балкан", кој започна со реализација во март 2020 година, а заврши во декември 2022 година како дел од програмата за соработка со бизнис-секторот develoPPP.de. Овој регионален проект имаше за цел да ги утврди предусловите за користење комунален и индустриски отпад (како монофракции) и отпадни гуми за производството на алтернативното гориво од отпад (RDF / SRF) за цементната индустрија за да се постигнат можности за економично искористување на различните текови на отпад преку искористување на потенцијалот на постојната инфраструктура и мрежа за собирање, подготовка и преработка на комунален и друг вид приоритетен отпад за производство на RDF / SRF. Неговата задача, меѓу другото, беше да ја поттикне соработката со јавниот и со приватниот сектор за размена на знаење и надминување на предизвиците.

### Нашите заложби за ублажување на климатските промени

Според Глобалната асоцијација за цемент и бетон, цементната индустрија придонесува со приближно 5% – 8% од вкупните емисии на $CO_2$ во светот. Свесни сме дека нашите производни процеси имаат јаглероден отпечаток и дека нашиот финален производ – готовиот бетон, е најупотребуваниот материјал во светот и игра суштинска улога во развојот и растот. Тоа нè мотивираше да го дадеме својот придонес во ублажувањето на климатските промени преку намалување на емисиите на $CO_2$ во нашите производни процеси и во целиот животен циклус на производот.

Оттаму, климатските промени се сметаат за едни од најважните еколошки предизвици во индустријата за производство на цемент. Вкупната емисија на директен $CO_2$ е резултат на следново: калцинација на карбонати и согорување органски јаглерод содржан во суровинското брашно, согорување гориво во ротирната печка за производство на клинкер, согорување горива што се користат за цели на греење и пренос на материјали во просториите на погонот. Индиректни емисии на јаглероден диоксид се испуштаат за време на производството на електрична енергија која е

неопходна за производство на клинкер и цемент, како и за време на производството и транспортот на суровини и горива заедно со транспортот на нашите производи.

Во УСЈЕ, го следиме и го почитуваме протоколот на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (претходно познат како WBCSD/CSI) за пресметка и за известување за емисиите на $CO_2$. Во согласност со овој протокол, пресметката и известувањето за $CO_2$ и енергија се врши на редовна основа, и покрај фактот што не е национално законско барање. Во 2022 година вкупните бруто-емисии на $CO_2$ на УСЈЕ под Опсегот 1 изнесуваа 0,6 милиони тони, додека, пак, специфичните бруто-директни емисии на $CO_2$ изнесуваа 644,29 kg $CO_2$/t по цементен производ што е ~2,9% помалку во споредба со 2021 година. Намалените специфични бруто-емисии на $CO_2$ се резултат на воведувањето нови видови цемент, со што се придонесе кон намалување на клинкерот во соодност со цементот во споредба со 2021 година и зголемена термичка ефикасност.

### Специфични бруто-директни емисии на $CO_2$




Освен пресметката на емисиите на $CO_2$ од Опсегот 1 и 2, ги пресметуваме и индиректните емисии на $CO_2$ од Опсегот 3 во синџирот на набавки поврзани со шесте категории што се сметаат за релевантни за активностите за производството на цемент според упатствата на GCCA. Следењето на емисиите на $CO_2$ на нашиот синџир на набавки (Опсег 3) е од клучно значење за постигнување на долгорочната амбиција на ТИТАН за јаглеродно неутрален бетон до 2050 година.

### Вкупни емисии на $CO_2$

### Емисии од Опсег 3




Емисиите од Опсег 1 сочинуваат 75,1% од нашиот севкупен отпечаток и се во сржта на нашата стратегија за намалување на емисиите. Опсегот 1 ги вклучува сите емисии што се ослободуваат директно од нашите деловни активности. Повеќето од нив доаѓаат од производство на цемент. Повеќе од 60% од нашите емисии од Опсег 1 се генерираат за време на декарбонизацијата на суровините што ги користиме за производство на клинкер. Согорувањето на горивото, кое е неопходно за загревање на цементните печки, е уште еден значаен извор на емисии.

Емисиите од Опсегот 2 сочинуваат 8,2% од нашиот јаглероден отпечаток. Опсегот 2 вклучува индиректни емисии генерирани од купена електрична енергија што е потрошена од опремата што е во сопственост или под контрола на компанијата.

Емисиите од Опсегот 3 сочинуваат 16,7% од нашиот јаглероден отпечаток. Опсегот 3 ги вклучува сите други индиректни емисии што се генерираат во нашиот синџир на набавки, какви што се транспортот, екстракцијата и производството на купени материјали и горива.

## Циркуларна економија

Посветени сме на подобрување на нашите резултати во согласност со целите и амбициите за циркуларна економија и преземаме активности за минимизирање, реупотреба на производите, како и рециклирање или обнова на материјалите и на енергијата, со цел да се зачуваат природните ресурси, да се намалат емисиите на $CO_2$ и ефикасно да се управува со отпадот. Откако ја препознавме циркуларната економија како фундаментална за развојот на поодржлив деловен модел, нашата фабрика систематски усвојува и применува добри практики, со цел да го минимизира својот отпечаток и да обезбеди одржлива иднина за идните генерации. УСЈЕ продолжува во своите напори да ја зголемува употребата на алтернативните суровини во производството на клинкер, цемент и бетон преку дизајнирање и развивање нови производи од нискојаглероден цемент за да одговори на сегашните и на идните потреби на своите купувачи. Соочени со ограничена достапност на конвенционални горива и суровини, циркуларната економија доби значајна важност, со тоа што во изминативе години стана многу пошироко распространета. Цементната индустрија нуди издржани решенија и одржливи практики во овој поглед. УСЈЕ ги почитува начелата на циркуларната економија и ја препознава важноста на Политиката за животна средина на Групацијата. Кообработката на производи од различни текови на отпад во нашето работење (како, на пример, биомаса, комунален отпад и други инертни отпадни материјали) е само еден пример за нашата еколошка одговорност и претставува ефикасен начин за намалување на нашиот јаглероден отпечаток.

## Нови еколошки производи

Во втората половина на 2022 година УСЈЕ воведе нов тип цемент CEM II/B-V 42,5 R. Ова беше во насока на глобалните напори на цементната индустрија и Групацијата ТИТАН за намалување на јаглеродниот отпечаток. Содржината на клинкер е за околу 3% помала во споредба со CE II/A-V 42,5 R, со можност за дополнително намалување со оптимизација. Дополнителна

придобивка во споредба со неговиот претходник CEM II/B-M (V-L) 42,5 R, е тоа што CEM II/B-V 42,5 R користи поголеми количини летечка пепел (~4%).
УСЈЕ активно учествува во програмата на Групацијата ТИТАН за истражување на потенцијалните природни пуцолански ресурси во регионот на Југоисточна Европа. Опсегот вклучува лабораториско испитување за оптимизација/максимизирање на пуцоланската активност преку неколку испитувања на посебно мелење или активирање природен пуцолан. Со поголемото искористување на природниот пуцолан во цементот, се придонесува кон поголемо намалување на емисиите на $CO_2$ во цементната индустрија.

## Материјално прашање: Градење доверба со нашите купувачи и унапредување на нивното задоволство

Во насока на агендата за декарбонизација и за да се подобри практичното знаење во производството на бетон, започнавме нов проект за поддршка на нашите купувачи на готов бетон. Надворешен експерт за производство на бетон стана дел од нашите тимови од секторите за продажба и готов бетон. Главната цел на проектот беше да го промовираме новиот еколошки цемент и неговата примена во производството на бетон преку подобрувањето на рецептурата на бетонот и користењето на соодветни адитиви. Нашиот тим посети многумина купувачи, а кај 27 купувачи изврши темелна евалуација на резултатите од нивните оперативни активности и понуди корисни совети за подобрување. Како резултат на тоа, продажбата на нашиот рефузен ЕКО цемент CEM II/B -V 42.5R учествуваше со 17,9% од вкупната продажба на рефузниот цемент наспроти 1,4% во 2021 година. Оттогаш овој тип цемент бележи растечка тенденција, особено во последните неколку месеци, а учеството достигна до 25%.

Достигнавме 100% искористеност на апликацијата Titan Up за правење нарачки. Планираме да продолжиме да ја развиваме апликацијата со надеж дека целосно ќе го замениме сегашниот ERP систем со ново ново софтверско решение (SAP Success Factor System). Заедно со фабриките на ТИТАН во Албанија, Србија, Косово и во Бугарија, започнавме и со подготовка за имплементација на SAP, репер во деловните апликации. Оваа транзиција кон имплементирање на SAP систем во секојдневното работење, се одвива забрзано и со растечки тренд и треба да се очекува системот да почне да се употребува на почетокот од 2024 година.

# Фокус област: Работно опкружување што овозможува раст

## Материјално прашање: Безбедна и здрава работна средина за нашите вработени и за деловните партнери



### Справување со пандемијата на КОВИД-19

Пандемијата на КОВИД-19 се засили на почетокот од 2022 година. Меѓутоа, како што одминуваа месеците од 2022 година, пандемијата значително се забави и со тоа се овозможи повлекување на рестриктивните мерки кон средината на 2022 година. Сепак, УСЈЕ продолжи да ги поддржува сите свои вработени, како и членовите на нивните семејства со бесплатни тестови за коронавирусот доколку тоа беше потребно и исплаќаше 100% надоместок на платата за отсуство од работа поради КОВИД-19.

### Безбедност и здравје при работа

Наши приоритети во работењето на нашата фабрика се создавање здрава и безбедна работна средина и спроведување мерки за обезбедување на благосостојбата на вработените. Како членка на Групацијата ТИТАН, нашата компанија се стреми да ги спроведе највисоките безбедносни стандарди, како и да ги подобрува постојните преку стекнување нови знаења, почитување на законските норми и примена на соодветните алатки, практики и мерки за управување со безбедноста.

Цементарница УСЈЕ применува безбедносни стандарди и се грижи за безбедноста на своите изведувачи и вработени. Како членка на Групацијата ТИТАН, ние строго се придржуваме кон Политиката за безбедност и здравје при работа на Групацијата и силно се залагаме за градење култура на безбедна и здрава работна средина на највисоко ниво. Постојано водејќи се, пред сè, од главната цел и визија на оваа политика, а тоа е нула повреди на работното место, УСЈЕ ја заврши 2022 година без никакви несреќи на работното место и со рекорд од речиси две (2) години (719 дена) без изгубено време поради повреда (LTI) на нашите вработени.

УСЈЕ ги охрабрува и ги мотивира своите вработени и изведувачи активно да се вклучат во системот за пријавување небезбедни ситуации и активности, како и инциденти и за малку избегнати несреќи, преку нивното учество во безбедносните инспекции што спречуваат повреди при работа. Извештајот за 2022 година забележа 562 инциденти, 122 безбедносни прошетки и 42 ревизии на безбедноста. Од нив, откриени се 28 за малку избегнати несреќи, 1 повреда на изведувач и 3 медицински случаи со изведувачите.

Нашата добра практика се состои во детална анализа на небезбедните настани и со донесување корективни мерки и нивно отстапување, спречуваме повторување слични или потенцијално сериозни инциденти.

Во 2022 година УСЈЕ го задржа континуитетот на организирање обуки на различни теми поврзани со безбедноста за нашите вработени и за изведувачите, водени од верувањето дека проширувањето на знаењето на сите вработени, игра особено важна улога во подобрувањето на целокупната безбедност на работното место и градењето култура на безбедна работна средина. Организираните обуки од областа на безбедност и здравје при работа, кои беа прекинати поради КОВИД-19, редовно се вратија во практика во рамките на нашите работни активности. Така, во 2022 година за вработените во УСЈЕ беа организирани 3.755 часови обука за безбедност и здравје или во просек 16,10 часа по вработен, и дополнително 2.140 часови обука за изведувачите или 14,44 часови по изведувач*. Обуката се фокусираше на имплементацијата на програмата „Следен чекор во безбедноста" на Групацијата ТИТАН, која успешно ги ревидираше и ги спроведуваше процедурите за работа при изложеност на топлина и за работа на висина.

Во 2022 година, со цел да ги подобриме управувањето и организацијата на работните активности на нашите изведувачи, во согласност со сите системски процеси и безбедносни и здравствени норми, го имплементиравме новиот проект „Систем за управување со изведувачи", обезбедувајќи контрола на нивните вработени и евиденција за потребната документација.

За да ја истакнеме важноста на здравјето на вработените, во април 2022 година, по повод Светскиот ден за безбедност и здравје при работа, Одделот за безбедност и здравје организираше кампања „Месец на безбедност и здравје", во која беа вклучени различни спортски активности и обуки што ги одржаа нутриционисти и лекари, обезбедувајќи поддршка и грижа за физичкото здравје на вработените.

Програмата за наградување на вработените чија цел е да ги мотивира и да ги охрабри вработените да бидат попроактивни во областите на безбедноста и на заштитата на животната средина продолжи да се спроведува и оваа година, со доделување награди на вработените на квартална основа за нивниот посебен придонес и заложба во областа на безбедноста и здравјето при работа и заштитата на животната средина, за негување на културата на безбедно работење, пријавување инциденти, давање предлози за подобрување на безбедноста, како и за заштитата на животната средина и за одржување уредност на работното место.

Во септември 2022 година, надворешната компанија Еуросерт изврши ревизија на системот ISO 45001, во која не беа констатирани несообразности во однос на безбедноста и здравјето. Редовни ревизии извршуваа и Групацијата и регионалниот директор за здравје и безбедност. Нашите заложби се насочени кон подобрување на системот за управување со безбедноста и здравјето, и секое прашање поврзано со безбедноста и здравјето има приоритет на нашите состаноци. Со споделување информации за подобро разбирање, ние ја истакнуваме меѓусебната безбедносна интеграција за да стимулираме поефикасни процеси во фабриката и во севкупното работење на компанијата.

## Показатели за безбедност и здравје при работа (тренд по години)




*LTI -Изгубено време поради повреда (LTI) се дефинира како повреда на работното место што резултира со отсуство од работа од еден или повеќе работни денови (или смени), почнувајќи од денот по повредата пред лицето да се врати на нормална работа или работа со скратено работно време (доколку двајца или повеќе лица се повредени за време на некој инцидент, тогаш појавата ќе се смета како две или повеќе LTIs, како и „изгубени денови" за секој повреден поединец)
** LTIFR - Бројка на LTIs во една година на 1.000.000 одработени часови
*** LTISR- Бројка на изгубени календарски денови како резултат на LTIs во годината на 1.000.000 одработени часови

**ESG известување, табела 2.2.1, стр. 65*

## Материјално прашање: Вклучување на вработените, развој и добросостојба



### Вклучување на вработените и систем за управување со човечките ресурси

Стратегијата за развој и управување со човечките ресурси на ТИТАН се темели на трите столба на учење, талент и организација, кои се потпираат на работна средина заснована на вклученост и инклузија, на фер и транспарентно управување со наградите и на ефективни системи за управување со човечките ресурси. Фокусот на учењето ја поттикнува надградбата на знаењето и вештините и го зајакнува лидерството. Фокусот на управувањето со таленти обезбедува привлекување, задржување и развој на талентот неопходен за задоволување на стратегиските потреби за работната сила на компанијата и исполнување на аспирациите за кариера на нашите вработени.

Во 2022 година спроведовме анкета за вработените користејќи краток прашалник за мерење на ангажираноста и овластувањата на нашите луѓе околу давањето овластувања, донесувањето одлуки, довербата во лидерите, развојот, управувањето со перформансите, работната структура и процесите, соработката, добросостојбата и диверзитетот и инклузијата. За првпат анкетата на вработените беше спроведена во дигитален формат на ниво на Групацијата, чии резултати потоа беа споделени со раководните тимови на ниво на Групацијата и на деловните единици. Нашите вработени беа подготвени да ги споделат своите мислења и гледишта, што доведе до стапка на добиени одговори од дури 90%. Менаџерскиот тим им ги соопшти резултатите од анкетата на сите вработени. Врз основа на длабинската анализа на резултатите и на повратните информации, тимовите на секој оддел ги идентификуваа приоритетите и го изготвија Акцискиот план на компанијата. Беа препознаени четири области за подобрување и развој на Акцискиот план: 1) навремено одлучување, 2) донесување одлуки на најниско ниво, 3) ефикасно справување со лошите перформанси во работата и 4) зајакнување на меѓусекторската соработка.

Во 2022 година Групацијата го започна проектот Маркетинг за регрутирање (РМК) за подобрување на нашиот бренд како работодавач. УСЈЕ учествуваше во развојот на новото брендирање на нашата веб-страница во сегментот за кариера.




| | |
|---|---|
| **Вкупен број вработени на крајот на годината:** Мажи: 198 Жени: 39 | 237 |
| **Вработени од локалната заедница:** | 77 |
| **Вработени што се членови на Синдикатот:** | 70,04% |
| **Удел на жени во вкупниот број вработени:** | 16,46% |

| | |
|---|---|
| **Удел на жени во менаџментот:** | 21,05% |
| **Удел на жени во вкупниот број нововработени:** | 8% |
| **Удел на жени во групата таленти:** | 35,7% |
| **Породилно отсуство:** | 2 |

## Тим билдинг 2022

Учесниците во Програмата за професионален развој беа дел од дводневните активности за тим билдинг во живописната природа во близина на Охридското Езеро. Активностите се состоеја од неформални собири, како караоке шоу и лов на богатство, до работна агенда со кратко предавање за важноста на тимската координација и организација.



## Волонтирање на вработените

Вработените во Цементарница УСЈЕ учествуваа во волонтерска акција за садење дрвца на територијата на општина Кисела Вода. Повеќе од 40 вработени, вклучувајќи го и менаџерскиот тим, организираа акција за пошумување и зазеленување на дел од соседството на УСЈЕ.

Дополнително, нашите вработени учествуваа во хуманитарната акција за обезбедување средства за донација на новогодишни подароци за децата од ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести.



## Крводарителски акции

Во текот на 2022 година во соработка со Црвениот крст се организираа повеќе крводарителски акции. Вкупно 57 вработени од УСЈЕ и 16 изведувачи учествуваа во овие акции.

## Диверзитет и инклузија на работното место

УСЈЕ ја следи посветеноста на Групацијата ТИТАН за создавање работна средина каде што се вреднуваат сите разлики и иницијативи што промовираат можности, еднаков пристап, вработување и чувство на припадност на работното место. По утврдувањето на еднаквоста, диверзитетот и инклузијата како материјални прашања на Групацијата за 2020-2025 година, беа поставени конкретни цели за зголемување на учеството на жените во компанијата.

УСЈЕ ја следи Политиката за човекови права на Групацијата што ги специфицира правата и одговорностите во согласност со најдобрите меѓународни стандарди и со локалното законодавство, и внимателно ги следи сите аспекти поврзани со спроведувањето на оваа политика. Со гордост известуваме дека во 2022 година во УСЈЕ не беа пријавени непочитување или злоупотреба на човековите права, работничките права или злоупотреба/непочитување на Законот за работни односи.

Во Централниот одбор за управување на УСЈЕ жените се застапени со учество од 40%, додека 21,5 %* од менаџерскиот тим го сочинуваат жени.

## Ден на комуникација со вработените

Вработените претставуваат највредниот ресурс на нашата компанија. УСЈЕ промовира отворена и транспарентна комуникација со своите вработени. За таа цел, во дворот на фабриката беше организиран Отворен ден за вработените. Оваа иницијатива помогна да се мотивираат и да се охрабрат вработените да се чувствуваат слободни да разговараат за своите прашања поврзани со работата и да даваат предлози за подобрување на процесите и на работењето.





Главниот извршен директор и техничкиот директор ги споделија новите стратегии и цели на Групацијата со вработените, притоа нагласувајќи дека нивното исполнување е невозможно без посветеноста на вработените. Настанот беше заокружен со церемонија за доделување јубилејни награди за одбележување 10, 20, 35 и 40-годишен работен стаж во компанијата.

**ESG известување, табела 2.2.2, стр. 66*

## Иницијативи за добросостојбата на вработените

Следејќи ја посветеноста на компанијата за здравствена заштита и добросостојба на своите луѓе, воведовме различни програми за поддршка на вработените и на нивните семејства во време на криза. УСЈЕ обезбеди дополнителна поддршка преку програмата за помош на вработените и кампањата за менталното здравје и финансиска поддршка за ублажување на последиците од економската криза.

| | |
|---|---|
| Физички | 1. Достапен доктор од компанијата<br>2. Лекарски прегледи на вработените<br>3. Поддршка за КОВИД за вработените и за членовите на нивните семејства<br>4. Обезбедување капацитети за вработените за спортски активности по работа<br>5. Нутриционистички обуки за сите вработени |
| Ментални | 1. Програма за помош на вработени на ТИТАН<br>2. Кампања за ментално здравје |
| Општествени | 1. Акција за садење дрвца<br>2. Акции за дарување крв<br>3. Новогодишна прослава<br>4. Тим билдинг за учесниците на Програмата за професионален развој<br>5. Подобрување на условите за здравје и безбедност и енергетската ефикасност во основните училишта во локалната заедница<br>6. Подароци за Денот на жената за вработените жени |
| Финансиски | 1. Медицински план за сите вработени<br>2. Бесплатен оброк во фабричката кантина<br>3. Ваучери за супермаркет<br>4. Ваучери за спортски продавници<br>5. Ваучери за ЕВН (плаќање електрична енергија)<br>6. Стипендии за децата на вработените<br>7. Ваучери за книги за децата на вработените за почеток на учебната година<br>8. Финансиска помош за вработени и/или за членови на семејството<br>9. Сезонски ваучери<br>10. Новогодишни подароци за децата на вработените<br>11. Јубилејни награди за вработените<br>12. Стипендии за постдипломски студии за нашите вработени |

## Развој на вработените

Нашите иницијативи за развој на таленти се клучен приоритет во нашата компанија. Се трудиме да станеме посакуван работодавач , компанија во која луѓето можат да го прошират своето знаење, да стекнат нови вештини и да придонесат за трансформацијата на нашето деловно работење.

Сесиите за обука беа главно насочени кон развивање лидерски вештини, техничко практично знаење и воведни обуки за запознавање на новите вработени со компанијата, како и за здравје и безбедност. Повеќе од 50 часа обука по вработен беа постигнати во 2022 година.

Посветени на развојот на вештините што лидерите треба да ги поседуваат на сите нивоа на нашата организација, организиравме едногодишна програма за развој на лидерство за сите раководители, супервизори и за други клучни луѓе во компанијата.

Во текот на нашето патување кон целосна дигитализација, инвестираме во развивање на дигиталните вештини на нашите луѓе, промовирајќи агилна соработка и зајакнување на луѓето преку поттикнување на когнитивната разновидност и здружување различни умови да соработуваат во создавање дигитални решенија што ќе дозволат на компанијата да расте побрзо и посилно. Во 2022 година Групацијата продолжува со имплементирање на САП системот (SAP Success Factor System) и имплементацијата на модулите за вработените од секторот за финансии, одделот за продажба и одделот за набавки.

| 12.933 | 50 | 3.755 | 722 | 1.838 |
|---|---|---|---|---|
| вкупен број часови обука | просечен број часови обука по вработен | вкупно часови обука за здравје и безбедност | вкупно часови обука за усогласеност | вкупно часови обука за дигитализација |

# Фокус област: Позитивно локално влијание

## Материјално прашање: Управување со локалните влијанија врз животната средина и заштита на природните ресурси

### Управување со животната средина

Долгорочно сме посветени на подобрување на нашето влијание врз животната средина. Ние ги интегрираме еколошките размислувања во нашите клучни деловни одлуки за да можеме да ги минимизираме нашите потенцијални влијанија и да ја заштитиме животната средина на локациите и во заедниците каде што работиме. Спроведувањето на нашата политика за животна средина, гарантира дека одржуваме високи стандарди за заштита на животната средина и ја покажува нашата посветеност на имплементирање и надминување на најдобрите практики во врска со еколошките прашања. Ние сме добро обучени за интегрирање на спојувања и преземања во нашите процеси на управување со животната средина. Целосно свесни дека нашите деловни активности зависат од користењето на природните ресурси, ние сме посветени на активности што го намалуваат нашето оперативно влијание врз животната средина. Следејќи ја нашата визија да ги ублажиме ефектите од нашите деловни активности врз животната средина, се стремиме да бидеме препознаени како едно од водечките претпријатија во нашата индустрија за одржливост и грижа за животната средина. УСЈЕ континуирано се труди да одговори на дефинираните еколошки предизвици. Како дел од Групацијата ТИТАН, ние целосно ги спроведуваме политиките на ТИТАН со кои се обезбедува здраво и транспарентно управување со животната средина во согласност со меѓународните најдобри практики. Следењето, мерењето, известувањето, соработката, континуираното делување и подобрување се само едни од начините на кои ние се справуваме со еколошките прашања и проблеми.

### Нашиот пристап кон управувањето со животната средина

Компанијата воспоставува, документира, имплементира и одржува Систем за управување со животната средина и Систем за управување со енергијата, постојано подобрувајќи ја нивната ефикасност во согласност со барањата на стандардите ISO 14001:2015 и ISO 50001:2018. Двата система се дел од Интегрираниот систем за управување во УСЈЕ. Опсегот на Системот за животната средина ги опфаќа сите еколошки прашања поврзани со производството и со експлоатацијата на рудниците. Овие системи се одржуваат и се ревидираат на годишно ниво. Последната ревизија на Системот за управување со животната средина и Системот за управување со енергијата беше направена во септември 2022 година од надворешни ревизори. Тимовите за управување со животната средина на УСЈЕ и на Групацијата, утврдуваат цели за намалување на емисиите во воздухот, за заштита на биолошката разновидност, за управување со водите и рециклирање и за рехабилитација на рудниците. Продолжуваме да се фокусираме на подобрување на еколошките резултати преку одржливо управување со природните ресурси и со природната средина, енергетската ефикасност и вклученоста во циркуларната економија. Следејќи ја нашата визија, ние се стремиме да бидеме препознаени како едно од водечките претпријатија во нашата индустрија на глобално ниво за одржливост и управување со животната средина.

### Следење на емисиите

Посветени сме на намалување на влијанието на нашите емисии во воздухот, не само поради одржливоста на нашиот бизнис, туку и поради континуираната заштита на нашата околина и заедници. Главните емисии во воздухот што се ослободуваат од нашите активности се прашина, азотни оксиди ($NO_x$) и сулфурни оксиди ($SO_2$). Емисиите на прашина може да произлезат од конкретни извори, и тие постојано се следат, а исто така може да се појават како неизбежни емисии при ископ во рудниците, отворено складирање на материјалите, пренос на материјалите и од активностите на утовар и растовар. $NO_x$ се формира за време на согорувањето на горивата, а $SO_2$ главно од оксидацијата на сулфурот во суровините, со мал дел од сулфурот присутен во некои горива.

Следењето на емисиите во воздухот како резултат од нашето работење е предуслов за контрола и намалување на влијанието врз животната средина. УСЈЕ има систем за континуирано следење (мониторинг) на емисиите (CEMS), кој ѝ овозможува на компанијата внимателно и во вистинско време да ги следи емисиите и да презема соодветни дејства, со што се обезбедуваат редовни и ажурирани информации за нашето работење. Резултатите од следењето се поставуваат на веб-страницата на УСЈЕ како месечни и неделни извештаи за емисии од главните извори на емисии. Извештаите од фабриката УСЈЕ се во согласност со Упатствата за следење и известување за емисии. Покрај емисиите од стакленички гасови (GHG) што имаат глобално влијание, следењето на сите други емисии во воздухот се вбројува во материјалните прашања утврдени од нашите засегнати страни.

## Емисии

Најголемите извори на прашина кај цементарниците се оџаците од печките. Во 2022 година, емисиите на прашина изнесуваа 4,12 тони за Печката 3 и 18,61 тони за Печката 4. Емисиите на прашина се многупати под максимално дозволените граници (MLV) што се пропишани со условите за животна средина од локалните и од европските законски барања. Просечната концентрација на прашина за Печката 3 е 5,50 mg/Nm$^3$, а за Печката 4 е 14,9 mg/Nm$^3$. Максимално дозволената граница изнесува 30 mg/Nm$^3$.

Присуството на сулфур (S) во суровините е основна причина за емисиите на $SO_x$ во нашата цементарница. Емисиите на $SO_x$ на УСЈЕ се значително под границите (MLV) утврдени со важечките локални и ЕУ-прописи. За 2022 година, просечната концентрација на $SO_x$ за Печка 3 беше 48,36 mg/Nm$^3$ и за Печка 4 беше 21,6 mg/Nm$^3$, додека максимално дозволената граница (MLV) е 400 mg/Nm$^3$. Во 2022 година, нашето работење резултираше со емисија на $SO_x$ од 36,25 тони за Печка 3 и 26,97 тони за Печка 4, соодветно.

Согорувањето при високи температури, доведува до емисија на $NO_x$. Во 2022 година, емисиите на $NO_x$ беа 430,44 тони за Печка 3 и 808,02 тони за Печка 4, соодветно. Вкупните емисии на $NO_x$ беа во границите (MLV) утврдени со локалното и со законодавството на ЕУ. Просечната концентрација на $NO_x$ за Печка 3 е 574,32 mg/Nm$^3$ и 647,03 mg/Nm$^3$ за Печка 4, додека националната максимално дозволена вредност е 800 mg/Nm$^3$. Намалувањето на емисиите на $NO_x$ кај двете печки е резултат на користење на инсталацијата за намалување на $NO_x$ – селективно некаталитичко намалување (SNCR).

УСЈЕ инвестира во современи технологии и CAPEX проекти за намалување на емисиите на прашина и обезбедување редовно одржување на опремата за производство. Мерките за контрола на емисиите на прашина вклучуваат изградба на објекти за складирање материјали и подвижни ленти, како и поплочување на површините и на улиците во кругот на фабриката и нивно постојано чистење.

### Прашина




### $SO_2$




### $NO_x$




***MLV – Максимална дозволена граница**

## Настани по известувачкиот период

На почетокот на 2023 година, медиумите покажаа зголемен интерес за квалитетот на воздухот во Скопје и во другите поголеми градови. Во таков контекст се зголеми јавниот и медиумскиот интерес за работењето на компанијата, која покрај редовното информирање на јавноста за своето работење во сегментот на влијанието врз животната средина преку неделните извештаи, во овој период дополнително ја интензивираше својата комуникација со медиумите и со јавноста.

УСЈЕ објави дека сите емисии настанати од производствениот процес во фабриката, вклучувајќи ги и емисиите од котларницата, се под законски дозволените граници. Ова е документирано во мерењата што редовно се спроведуваат. Во согласност со А-Интегрираната еколошка дозвола, резултатите од мерењата се доставуваат до Државниот инспекторат за животна средина и до Министерството за животна средина и просторно планирање. На иницијатива на УСЈЕ и во интерес на јавноста, мерењата дополнително се објавуваат на веб-страницата на УСЈЕ и се споделуваат со медиумите.

УСЈЕ е трајно посветена на еколошката, општествената и економската одржливост и ќе продолжи да соработува со релевантните институции и засегнати страни за да ги подобри своите резултати на секој можен начин и да ја зајакне вредноста што ја создава за сите. Како транспарентна компанија што одржува отворени контакти со сите засегнати страни, а особено со јавноста и со медиумите, УСЈЕ и во следниот период ќе го продолжи дијалогот во интерес на градење одржлива иднина за сите.



## Управување со биодиверзитетот и со земјиштето

Како сопственик на големи површини на земјиште, наша одговорност е да продолжиме да се грижиме за зачувување и заштита на биолошката разновидност на нашите локации, да ја зголемиме способноста на екосистемите да се приспособат на секојдневните закани и екстремни настани и да го поддржиме забрзаното движење кон економија што е поволна за природата. Ние посветено работиме на тоа да обезбедиме добро управување со биолошката разновидност на сите наши релевантни локации, но исто така се стремиме да ги подобриме природните системи што постојат надвор од рамките на нашите оперативни дејства. Преку заеднички напори со засегнатите страни, како што е Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг во Скопје, продолжуваме да бидеме активно ангажирани во промовирањето мерки за биодиверзитет. Сеопфатните процени на еколошкото влијание на фабриката и плановите за санација на рудниците во рамките на рударските проекти ги опфаќаат сите аспекти од развојот, работењето, како и повлекувањето од употреба на одредени области од фабричкото земјиште и од рудниците. Во 2022 година, во соработка со Факултетот за шумарски науки, ги спроведовме плановите за санација на рудниците во Врловица и во Спанчево, а овие активности ќе продолжат во текот на 2023 и 2024 година за да се развијат нови и/или да се ажурираат постојните планови за санација за другите наши рудници. Со цел натамошна заштита на биодиверзитетот, преземени се посебни мерки, како, на пример, садење видови што се специфични за овој регион (автохтони видови). Во согласност со ваквите заложби, создадовме Зелен појас во кругот на фабриката. За да се обезбеди квалитетно спроведување на овие планови, ангажиравме професионална компанија и еден дел беше преобразен во расадник за одгледување и производство на неопходниот посадочен материјал и за реализација на целите утврдени во односните студии и планови. Резултатите од овие долгорочни заложби за реализација на овие планови се веќе видливи во големиот број садници засадени во должина на периметарот на фабриката и на рудниците. Сите активности во однос на санација на рудниците и управување со биодиверзитетот на локациите, се во согласност со односните Упатства за одржливост на Глобалната асоцијација за цемент и бетон.

Од 1998 година, повеќе од 440.000 дрвја се посадени или донирани на трети страни. Во 2022 година засадивме вкупно 38.798 растенија, од кои 14.319 дрвца беа посадени во рудникот за лапорец, 18.436 дрвца беа посадени во рудникот за варовник во Говрлево, 4.600 дрвца во рудникот за песок во Врловица и 1.443 растенија (дрвца, цвеќиња и грмушки) беа посадени на зелените површини во рамките на фабриката.

Според процената на ризикот по биодиверзитетот, која беше спроведена во 2020 година за сите локации на Групацијата со примена на Алатката за интегрирана процена на биодиверзитетот (IBAT, https://ibatalliance.org/), ниеден од рудниците на УСЈЕ не е идентификуван како да е во близина на (или дел од) области со висока вредност во однос на биодиверзитетот. Оттаму, за нашите локации не се неопходни никакви конкретни планови за управување со биодиверзитетот.

## Материјално прашање: Продолжување на соработката и придонесот кон одржливоста на заедниците

УСЈЕ продолжи да соработува со своите засегнати страни и да придонесува за одржливоста на локалната заедница. УСЈЕ континуирано промовира отворен дијалог и заеднички активности со своите внатрешни и надворешни партнери (засегнати страни) преку спроведување иницијативи за одржливост, кои се во согласност со целта на Групацијата ТИТАН да има Планови за вклучување на заедницата, кои се поврзани со материјалните прашања на засегнатите страни и со Целите за одржлив развој на ОН за 2030 година, за 100% од своите клучни оперативни дејства до 2025 година. Понатаму, го споделуваме нашето знаење, искуство и најдобрите практики во областите што се релевантни за нашиот бизнис, со цел да додадеме вредност и да придонесеме за добросостојбата на заедниците што се во нашето опкружување.

Во текот на 2022 година, проектите за вклучување на засегнатите страни на УСЈЕ беа поактивни поради намалените рестриктивните мерки за КОВИД-19, што, пак, ни овозможи да го спроведеме акцискиот план во локалната заедница онака како што беше предвидено*.

- 13% од иницијативите беа поврзани со создавање работни места
- 18% од иницијативите беа поврзани со вештини за нови работни места
- 15% од иницијативите беа поврзани со едукација на луѓето во заедниците
- 15% од иницијативите беа поврзани со инфраструктурата на заедниците
- 3% од иницијативите беа поврзани со социјалната кохезија и ублажување на нееднаквостите
- 13% од иницијативите беа поврзани со волонтерството
- 23% припаѓаат на друга област на одржливост

▶ УСЈЕ ја поддржува Програмата за млади менаџери и бизнис лидери што ја организира Советот на странски инвеститори, а е под покровителство на претседателот на Република Северна Македонија, г. Стево Пендаровски. Мисијата на оваа програма е да им овозможи на 30 млади дипломирани студенти од Северна Македонија да се стекнат со конкурентни вештини и знаења преку низа обуки за лидерство, што ќе ги доведат до нови професионални предизвици и ќе им помогнат да ги развиваат своите капацитети за справување со глобалните предизвици, меѓународната конкурентност и културната и религиозната разновидност.

▶ УСЈЕ донираше амбулантно возило на Детската болница – Козле. Ова е само дел од севкупната постојана поддршка што ја дава компанијата за натамошно подобрување на состојбите во јавниот здравствен систем во земјава, како и за подигнување на квалитетот на здравствените услуги за пациентите.

▶ Во рамките на својот објект, УСЈЕ обезбеди простор што ќе биде пренаменет за противпожарната бригада. Овој голем проект ќе донесе одржливи придобивки за жителите на општина Кисела Вода и пошироко. Ова дава можност за побрзо превенирање на несакани настани, а наоѓајќи се во близина на Сопиште, покрај жителите на Кисела Вода, ќе имаат корист и жителите од соседната општина.




Донација за Детската болница – Козле

*ESG известување, табела 2.3.2, стр. 70*

## УСЈЕ доби Признание за општествена одговорност во категоријата вработени, со проектот „Грижа за добросостојбата на нашите луѓе“

Министерството за економија на Република Северна Македонија и Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата доделија награди и признанија за општествена одговорност на претпријатијата.




УСЈЕ го доби признанието за општествена одговорност во категоријата вработени, со проектот „Грижа за добросостојбата на нашите луѓе“. Со овој проект компанијата ги претстави сите свои преземени активности за добросостојбата на своите вработени за време на пандемијата. Ова признание е потврда за посветеноста на УСЈЕ да биде одговорен корпоративен граѓанин и да придонесе за растот и добросостојбата на засегнатите страни, вклучително и на вработените, животната средина, заедницата и општеството во целина.

▶ УСЈЕ организираше Работилница со еминентни новинари на тема декарбонизација. Техничкиот директор и менаџерот за животна средина ги презентираа најновите трендови за алтернативните горива како можност за забрзување на процесот на декарбонизација. Во текот на работилницата, раководителот на Секторот за отпад при Министерството за животна средина и просторно планирање ја презентираше правната рамка за декарбонизација и локалната рамка за отпадот и употребата на алтернативни горива. Професор од Машинскиот факултет зборуваше за потенцијалот на алтернативните горива како едно од решенијата за енергетската криза со која се соочува државата, додека професор од Факултетот за безбедност ја истакна актуелната состојба во земјата и зборуваше за еколошкиот криминал и за правната рамка што ја покрива оваа област.

Претседателот на Македонското здружение за цврст отпад ја нагласи состојбата со отпадот во земјава и предложи можни модели за негово искористување преку селекција, правилно депонирање, рециклирање и повторна употреба и создавање алтернативни горива за поефикасна декарбонизација.






▶ Со поддршка на УСЈЕ, основното училиште „Блаже Конески“ доби комплетно нова изолациска фасада. УСЈЕ донираше материјали и услуги за изградба на енергетски ефикасна фасада за ова училиште што се наоѓа во општината Аеродром во вкупна вредност од 4,5 милиони денари. Така, со почетокот на новата учебна година и учениците и наставниот кадар ќе можат да играат, да учат и да работат во подобрени и побезбедни училишни услови, а општината ќе има намалени трошоци за греење и ладење на училишните простории. Оваа донација е само еден дел од долгорочниот проект што го води Цементарница УСЈЕ „Партнерство со училиштата“, кој се спроведува во соработка со локалните заедници и со институциите на локално ниво.

▶ Практикантска работа. Во 2022 година УСЈЕ стана дел од програмата RIS Internship, одржлива и структурирана програма за практикантска работа за студенти од Источна и Југоисточна Европа (регион на РИС) запишани на магистерски студии во областа на рударството. Општата цел на проектот е да се зголемат претприемничките и деловните вештини на студентите, да се прошират активностите за соработка меѓу универзитетите и бизнис-секторот во регионот на РИС, да се поттикне вработувањето дипломирани студенти од областа на рударството во организациите домаќини и да се намали регионалниот одлив на мозоци. УСЈЕ ги очекува своите први студенти во 2023 година.

Што се однесува до редовната практикантска работа, во 2022 година имавме вкупно 18 практиканти.

### Број на практиканти во 2022 година

| Машки | Женски | Вкупно | Нови вработувања |
|---|---|---|---|
| 12 | 6 | 18 | 2 |

## Евалуација на нашите иницијативи и активности за вклучување на заедницата

Процесот за евалуација на плановите за вклучување на заедницата што беше воведен во 2021 година продолжи да трае и во текот на 2022 година. Поттикнати од нашите резултати од 2021 година и водени од глобалните вредности, УСЈЕ се насочи кон зајакнување на автентичниот општествен придонес како еден од начините да се максимизира нашиот потенцијал во полза на заедницата. Со процесот на самоевалуација се создава дополнителна вредност во поглед на ефикасното и тековно соопштување на иницијативите и дејствата што се однесуваат на вклучување на заедницата како дел од нашиот План за вклучување на заедницата. Сознанијата од ваквите евалуации ни помагаат да донесеме одлуки и да создадеме поефикасни политики за идни Планови за вклучување на заедницата. Тие ни даваат конкретни информации што може да ни ги бараат нашите надворешни партнери (засегнати страни) и корисниците на нашите иницијативи и проекти.

- Беа оценети 29 ESG иницијативи и акции до крајот на 2022
- 954 учесници од кои 240 вработени во УСЈЕ
- Околу 5.237 корисници
- 152.370,95 евра инвестирани во иницијативи за вклучување на заедницата

## УСЈЕ за најмладите

УСЈЕ излезе во пресрет на локалната Општина Кисела Вода и донираше маси и столчиња за опремување на градинката во околината на УСЈЕ, која ќе почне со работа следната година. Исто така, УСЈЕ учествуваше и на Хуманитарниот новогодишен базар организиран од Општина Кисела Вода.



## Промовирање отворена и транспарентна комуникација со засегнатите страни

УСЈЕ одржува редовна отворена комуникација со сите засегнати страни, внатрешни и надворешни:

- Новата веб-страница на компанијата се ажурира редовно;
- Неделни и месечни извештаи за следење на емисиите во воздухот;
- Дневните податоци од системот за автоматско следење редовно се доставуваат до Министерството за животна средина и просторно планирање
- Извештаите од мониторингот се испраќаат до медиумите
- TvojotHR, внатрешна електронска адреса за комуникација со сите вработени
- Поставени инфо-табли за објавување печатени известувања

## Постојана поддршка за економската одржливост на нашите заедници

Во согласност со нашите материјални прашања, УСЈЕ го препознава директното и индиректното позитивно економско влијание од своето работење врз локалните заедници. Во текот на 2022 година, 63,86% од вкупните трошоци на УСЈЕ беа наменети за локални добавувачи на материјали и услуги*. Ова беше постигнато со избирање локални компании за снабдување со одредени производи и услуги, со што овозможивме значително да влијаеме и да создадеме вредност за локалните заедници.

*ESG известување, табела 2.3.3, стр. 71*

# Фокус област: Одоворно управување со ресурсите

## Материјално прашање: Декарбонизација, енергетска ефикасност и отпорност на деловниот модел

### Енергетска ефикасност

Енергетската ефикасност и зголемувањето на употребата на обновливите извори на енергија, се клучни за негување на нашата амбиција за јаглеродна неутралност долж синџирот на вредност на цементот и бетонот и за обезбедување сигурни идни енергетски ресурси за општеството. За да го намалиме нашиот придонес кон климатските промени, инвестираме во оптимизирање на енергетската и на процесната ефикасност и замена на енергијата заснована на фосилни горива со обновлива биомаса или со други алтернативни извори. Мерките за енергетска ефикасност сè повеќе се препознаваат како вредни средства за постигнување одржливо снабдување со енергија. Понатаму, имплементацијата на мерките за енергетска ефикасност (ЕЕ) ги намалува емисиите на стакленички гасови, ја подобрува безбедноста на снабдувањето со енергија, ги намалува трошоците, па дури и ја унапредува конкурентноста. Производството на цемент е енергетски интензивен процес, кој бара големи количини енергија, горива и суровини. Поради оваа причина, цементната индустрија има развиено низа технолошки решенија, кои овозможуваат намалување на енергетските потреби за производство на цементни производи. Од 2021 година имаме сертифициран систем за управување со енергија ISO 50001:2018, кој ни помага постојано да го следиме нашиот енергетски интензитет и резултатите од спроведените мерки. Нашите тимови континуирано се обидуваат да ја зголемат нашата енергетска ефикасност во секој сегмент од нашето работење преку развивање акциски планови за подобрување на нашите енергетски перформанси.

Во 2022 година УСЈЕ успеа да ја намали потрошувачката на електрична енергија за ~5,9 kWh/t цемент во споредба со 2021 година. Ова намалување резултираше со вкупна заштеда на електрична енергија од ~5.522.600 kWh, или околу 3.940 t $CO_2$ за 2022 година.

### Управување со водите

УСЈЕ постојано цели кон повторна употреба и рециклирање на водата за да го намали користењето, испуштањето вода и третманот на отпадните води. Активностите, какви што се употреба на затворени системи за ладење и зголемување на повторната употреба на водата од базените и езерата за седиментација, имаат за цел да го намалат количеството на употребената вода од природни ресурси. Управувањето со водите е важен аспект од постигнувањето на нашите резултати во заштитата на животната средина, а со цел да се зачува количината и да се одржи квалитетот на водните ресурси во нашите фабрики и во соседните области. Нашите континуирани заложби за заштита на водата како природен ресурс се изразени во одрживото управување со водите, кое се спроведува во нашата фабрика и со кое се опфатени:

- Затворен систем за филтрирање и рециклирање на индустриската вода (за ладење на опремата);
- Водата од градската водоводна мрежа се користи само за санитарни потреби (вода од класа 1);
- Одвојување на водите од канализацијата и нивно испуштање во градската канализациска мрежа;
- Собирање на атмосферските води и на водите од прскањето на улиците од нашата фабрика во отворени канали и нивно прочистување во прочистителната станица за атмосферски отпадни води пред да бидат испуштени;
- Автоматско следење на исцрпените количини подземна вода што, пак, овозможува брз одговор во случај на оштетување на мрежата и загуба на вода;
- Повторна употреба на водата од базените и од езерата за седиментација за чистење на патиштата и на машините.

Технологијата што се применува во УСЈЕ за производство на цемент бара само мали количини вода, па оттаму најголемиот дел од водата што се користи е за еколошки цели (отстранување прашина од улиците, наводнување зелени површини итн.). Начелата за водење сметка и известување за водата што ние ги следиме во УСЈЕ, се во согласност со односните Упатства за одржливост на Глобалната асоцијација за цемент и бетон*.

Во 2022 година УСЈЕ исцрпи вкупно 372.109 $m^3$ вода (за производство на клинкер и цемент), од кои 346.889 $m^3$ подземна вода од нашите лиценцирани бунари со вода, а 25.220 $m^3$ од јавната комунална водоводна мрежа. Од оваа количина, вкупно 34.274 $m^3$ беа искористени од трети лица, кои работат во рамките на работниот простор на УСЈЕ и кои не се поврзани со нашето работење.

** Упатства за одржливост за следење и известување за вода во производството на цемент.*

Процената на ризиците во однос на водата за сите локации на Групацијата ТИТАН беше завршена во 2020 година со користење на Аквадукт алатката на Иницијативата за водни ресурси (WRI). Според оваа процена, Цементарница УСЈЕ не се наоѓа во подрачје со недостиг на вода.

## Управување со отпад

Ние постојано се обидуваме да го минимизираме отпадот од процесите и да го подобриме управувањето со отпадот во нашиот производствен синџир. Нашата посветеност на усогласување со сите прописи што се однесуваат на безбедно и одговорно управување со отпадните материјали е само основа на целокупните активности за управување со отпадот. Нашите практики за минимизирање на отпадот помагаат да се справиме со растечката ефикасност на ресурсите и да ги намалиме индустрискиот отпад и емисиите. Ова вклучува намалување на количината на создадени отпадни материјали и подобрување на ефикасноста на процесот со повторна употреба на рециклираните материјали. Со производствениот процес за клинкер и цемент во УСЈЕ не се создава ниту отпад ниту нуспроизводи. Сите филтри во фабриката се поврзани со снабдувањето со суровинско брашно што ни овозможува повторно да ги користиме цементот и клинкерската прашина создадени во фабриката. Цврстиот отпад се создава главно од одржување на постројката и пакување производи (отпад од пакување). Во согласност со најдобрите практики, отпадот се издвојува на изворот и се собира и привремено се складира во одредени области. Целиот создаден отпад им се предава на овластени собирачи и оператори за понатамошно рециклирање, а мал дел се депонира.

Во 2022 година, во рамките на нашето работење создадовме вкупно 4.920 тони отпад, од кои 4.285 тони повторно се искористија или се рециклираа внатрешно (воведени во суровинското брашно), 513 тони се испратија до овластени рециклирачки постројки, а 122 тони се подготвија за отстранување.

Намалувањето, повторната употреба и рециклирањето на суровините, енергијата и на отпадот, остануваат клучни елементи од политиката за животна средина на Групацијата. Се врши мерење, собирање и враќање назад во процесот на сите истечени материјали. За ваквото наше постапување, ние имаме изготвено детална анализа за ракување со отпадот што се создава во фабриката.

## Производство и искористување на електричната енергија од обновливи извори на енергија

За да ги исполниме нашите цели за намалување на емисиите на јаглеродот, ние ги намалуваме директните и индиректните емисии во нашите производни процеси преку имплементацијата на проекти за намалување на $CO_2$. Едно од нашите материјални прашања во областа на декарбонизацијата и дигитализацијата е намалувањето на употребата на необновливите (фосилни) горива, како и намалувањето на емисиите на јаглерод (директни и индиректни). УСЈЕ во 2022 година го започна проектот за поставување фотоволтаична централа за производство и искористување електрична енергија од сонцето. Проектот започна на крајот на 2022 година и треба да заврши до првата половина на 2023 година. Со овој проект планираме да поставиме фотоволтаична централа на покривните конструкции на зградите во дворот на фабриката на вкупна површина од ~15.000 $м^2$, со инсталирана моќност од 3,1 MWp. Се очекува електраната да произведува електрична енергија што може да замени приближно 3,4% од вкупната потрошувачка на фабриката. Произведената електрична енергија целосно ќе се користи за потребите на фабриката. Со овој проект цементарницата УСЈЕ ќе заштеди приближно 3.200 тони $CO_2$ годишно.



## Материјално прашање: Градење доверба со нашите купувачи и унапредување на нивното задоволство

Во 2022 година спроведовме анкета меѓу 130 купувачи, од кои 106 позитивно одговорија и ги пополнија прашалниците. Резултатите од истражувањето беа особено задоволителни за УСЈЕ и покажаа дека 78% го оцениле квалитетот на нашиот пакуван цемент како одличен или многу добар и 97% дале аква оценка за рефузниот цемент. Што се однесува до техничката поддршка што ја обезбедуваме за нашите купувачи, 88% од купувачите на рефузниот и 77% од купувачите на цемент во вреќи се свесни за техничката поддршка, а 74% (рефузен цемент) и 46% (цемент во вреќи) од нив имаат побарано поддршка, што е многу подобро во споредба со претходната година. Оценувајќи ја севкупната соработка со УСЈЕ, 92% од одговорите се одлични или многу добри (купувачи на рефузен цемент), односно 82% од одговорите се одлични или многу добри (купувачи на цемент во вреќи).

Во средина каде што конкурентите нудат високорангирани цементи, вложивме големи напори во промовирањето на зелениот цемент, што резултираше со зголемена продажба на нашите видови цемент со низок клинкер. Продажбата на пакуваниот цемент CEM IV/B (V-P) 42,5 N достигна 79,5% од вкупната продажба на нашиот спакуван цемент, додека рефузниот цемент CEM II/B -V 42,5R удел од 17,9%. Согледувајќи го зголемениот интерес за овој производ, го прекинавме производството на пакуваниот CEM II/B 42.5N.

## Материјално прашање: Одржлив и стабилен синџир на набавки

УСЈЕ продолжува да се залага за подобрување на нашите практики на одржливост и на градењето силни и трајни односи со купувачите и со добавувачите, кои се темелат на доверба, заеднички интерес и одржливост. Сметаме дека овие напори се клучни за постигнувањето долгорочни цели за одржливост и создавање вредност за сите засегнати страни.

За да се осигуриме дека одржуваме одговорен и одржлив синџир на набавки, ние сме целосно усогласени со Политиката за набавки на Групацијата ТИТАН, која ги вклучува вредностите на Глобалниот договор на ОН. Во 2022 година, Кодексот за набавки е ажуриран, поставувајќи ги начелата и стандардите што го регулираат однесувањето, поведението и постапките на сите лица вклучени во секој процес на набавка.

Во нашите Општи услови за набавка на материјали и за обезбедување услуги (https://www.usje.mk/media/a24hrcli/general_terms_for_procurement_of_goods.pdf) е наведено дека и нашите добавувачи ќе вложат максимални напори за да се уверат дека нивните вработени, застапници и подизведувачи ги споделуваат вредностите и начелата во согласност со десетте дефинирани начела на Глобалниот договор на ОН и истовремено дека добавувачите нема незаконски да вршат дискриминација во согласност со Меѓународната декларација за човекови права на ОН.

Нашите главни предизвици оваа година беа инфлацијата и високите цени на енергијата. За да се справиме со овие предизвици, инвестиравме во решение за обновлива енергија, фотоволтаична централа од 3,1 MWp за делумно напојување на нашите операции.

Соработката со локалните изведувачи и добавувачи придонесе за развојот на локалната заедница преку создавање можности за работа и поддршка на локалната економија. Ние веруваме дека соработувајќи заедно со нашите добавувачи и партнери, можеме да изградиме одговорен, доверлив и одржлив синџир на набавки што ги поддржува нашите деловни цели додека, пак, го минимизира нашето влијание врз животната средина.

# Добро управување, транспарентност и деловна етика

Преку здраво корпоративно управување, се стремиме да обезбедиме секоја управувачка одлука да биде усогласена со нашата цел и со нашите основни вредности, да ги има предвид нашите амбиции за одржливост и да им служи на најдобрите интереси на нашите засегнати страни. Нашите цели за животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување за 2025 година и понатаму, кои се директно усогласени со нашата посветеност на Целите за одржлив развој на ОН и почитувањето на Десетте начела на Глобалниот договор на ОН, се поткрепени со добро управување, транспарентност и деловна етика.

Одржливоста е цврсто вградена во нашата стратегија преку редовен преглед на сите прашања што се материјални за бизнисот и за нашите засегнати страни, дефинирање на соодветните акции и цели и придржување кон политиките за заштита на животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување.

## Материјално прашање: Добро управување и деловна етика

5 ПОЛОВА ЕДНАКВОСТ | 10 НАМАЛЕНА НЕЕДНАКВОСТ | 16 МИР, ПРАВДА И СИЛНИ ИНСТИТУЦИИ

Како дел од Групацијата ТИТАН, УСЈЕ е силно посветена да работи во хармонија со сите водечки начела на интегритет и деловна етика. Интегритетот, кој вклучува транспарентност и етички деловни практики, е основна вредност вградена во нашата култура и се одразува во начинот на кој компанијата ги извршува своите деловни активности, во согласност со нејзините клучни управувачки цели за одржливост и за општествена одговорност. Нашиот интегриран пристап на управување, кој се карактеризира со отворено, одговорно и отчетно одлучување, гарантира дека прашањата поврзани со управување и етика соодветно се разгледуваат. Во согласност со силната посветеност на Групацијата за добро управување и транспарентна деловна етика, функцијата за усогласеност и борба против измама на Групацијата беше основана во јануари 2020 година како дел од Одделот за внатрешна ревизија, ризик и усогласеност на Групацијата, известувајќи до Одборот за ревизија и ризик на Групацијата. Во 2022 година, вкупно 183 часови обука беа посветени на Програмската рамка за борба против измами, додека 81 час обука за Политиката за санкции.

> 183 часови обука посветени на Програмската рамка за борба против измама

## Борба против поткуп и корупција

Водењето бизнис со апсолутна транспарентност и интегритет, и давањето пример за највисок степен на одговорност, претставуваат силни и непроменливи заложби во Групацијата ТИТАН и сочинуваат незаменливи делови од нашата долготрајна култура и цврсти етички стандарди. Ефективното управување со прашањата поврзани со етиката и со корпоративното управување и превенцијата на ризиците од поткуп и корупција се сметаат за фундаментални во спроведувањето на нашата стратегија за одржливост и за постигнувањето на нашите цели за 2025 година.

Нашиот пристап на нула толеранција кон поткупот и корупцијата во Групацијата ТИТАН се потврдува преку конзистентен пристап на управување и силна структура на управување пропишана во Повелбата за корпоративно управување на Групацијата. Овој пристап е поддржан од сеопфатната рамка на алатки, механизми за контроли и превенција, надгледувани од Одборот за ревизија и ризик, составен од неизвршни и од независни членови на Одборот на директори. Одделот за усогласеност и борба против измами на Групацијата, како дел од групациската Внатрешна ревизија за ризици и усогласеност, ја поседува севкупната одговорност за следење на ризиците за усогласеност и за координирање на релевантните контролни активности во соработка со раководството и со Правниот оддел. Ризиците од бизнис-измами ефикасно се ублажуваат преку Програмата за борба против измами на Групацијата ТИТАН, модуларен и сеопфатен систем што вклучува динамични елементи, процена на ризик, проактивни активности и тековно следење. Програмската рамка за борба против измама, опфаќа широк спектар можни шеми за измама поврзани со ризиците од корупција, злоупотреба на средства и финансиски извештаи. Распоредена низ Групацијата, таа има за цел да обезбеди заштитен штит за средствата и за ресурсите, за корпоративната репутација и кредибилитет, како и силна култура и оперативна ефикасност. Акцентот е ставен на спречување измами, главно преку проектите за процена на ризикот од измама во области со висок ризик, како и рано откривање какви било можни индикации или случаи на професионална измама преку платформата за известување EthicsPoint и аналитиката за спречување измама.

Кодексот на однесување на Групацијата ТИТАН и Политиката за борба против поткуп и корупција ги утврдуваат начелата, правилата и одговорностите и обезбедуваат конкретни насоки за превентивните и истражните процедури што се применуваат за да се намали ризикот.

## Програма за усогласеност и политики на Групацијата

Силната култура на усогласеност во Групацијата ТИТАН, поткрепена со нашите вредности и етички стандарди, е клучен двигател на нашите перформанси и цврста основа врз која се постигнува оперативна извонредност. Нашиот дисциплиниран пристап и конзистентни напори за обезбедување усогласеност, се овозможени преку Програмата за усогласеност на Групацијата ТИТАН, динамична програма заснована на ризик, која вклучува градење свесност и обука, активности за уверување, континуирано следење и надзор.

Корпоративниот Кодекс на однесување и Политиките на Групацијата ги пренесуваат правилата, стандардите и начелата, обезбедувајќи им ги потребните насоки на вработените и на деловните соработници. Сите вработени имаат неограничен пристап до политиките на Групацијата на сите локални јазици на интранет.

**Политиките на Групацијата ги вклучуваат, но не се ограничени на:**

- Политика против поткуп и корупција
- Политика за конфликт на интереси
- Политика за усогласеност со Законот за конкурентност
- Политика за санкции
- Политика за корпоративна општествена одговорност
- Политика за укажувачи
- Политика за животна средина и ублажување на климатските промени
- Политика за заштита на лични податоци
- Политика за човекови права
- Политика за безбедност и здравје при работа



# ESG ИЗВЕСТУВАЊЕ



# Пристапот на ТИТАН кон ESG известувањето и усвоен од страна на Цементарница УСЈЕ АД во овој извештај

Пристапот на УСЈЕ во однос на интегрираното ESG известување е во согласност со доброволните заложби на Групацијата ТИТАН кон принципите на Меѓународниот совет за интегрирано известување (IIRC - International Integrated Reporting Council), Десетте начела на Глобалниот договор на ОН, Повелбата и Упатствата на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA - Global Cement and Concrete Association) и Препораките на Работната група за финансиски обелоденувања поврзани со климата (TCFD - Task Force on Climate-related Financial Disclosures), и поврзаноста со Рамката на Одборот за сметководствени стандарди за одржливост (SASB - Sustainability Accounting Standards Board).

## Промени во структурата и содржината на Интегрираниот годишен извештај (IAR) за ESG известувањето за 2022 година

Нови клучни показатели за успешноста (KPI) и други обелоденувања во секоја фокус област:

- Работно опкружување што овозможува раст: програми за родителско отсуство и KPI за вработени со попреченост во Табела 2.2.
- Позитивно локално влијание: Вкупно искористување на земјиштето поврзано со санација на рудниците во Табела 2.3.
- Одговорно управување со ресурсите: Потрошувачка и производство на енергија за вкупната количина на потрошена енергија во организацијата, % удел на потрошената електрична енергија. Управување со отпад како % по тип на третман (компостиран, рециклиран или депониран). Видете Табела 2.4.
- Добро управување, транспарентност и деловна етика: за часови за обука во борбата против поткуп и корупција (Табела 2.5.1), приходи од производи поврзани со одржливост и % удел во нето-продажбите од производи поврзани со одржливост во Табела 2.5.2. Ја додадовме Табела 2.5.10 „Индикатори за создавање вредност" и ја воведовме новата Табела 2.5.11 „Поврзување на нашите обелоденувања со COP на ТИТАН според подобрената платформа на UNGC".

Употребата на 'просечен годишен' девизен курс за сите подружници на ТИТАН, валутата ДЕ во 2022 година беше во согласност со сметководствената политика на ТИТАН за превод на странска валута, специфично за приходите и расходите за билансите на добивка или загуба и сеопфатен приход*. Видете ги белешките подолу за полесен преглед на ESG известувањето (во врска со KPI во табелите 2.1, 2.2, 2.3, 2.4 и 2.5.1).
Уверување: Специфични KPI вклучени во опсегот на ангажманот за уверување од страна на независни ревизори од трети страни.

GCCA: Специфични KPI пресметани според секторските обврски интегрирани од TITAN, следејќи ги Повелбата и Рамковните насоки на GCCA. Видете Табела 2.5.9.

UNGC: ТИТАН ги почитува барањата за известување за исполнување на критериумите од Глобалниот договор на ОН во однос на Комуникацијата за напредокот (COP) според Подобрената платформа и Упатството објавени од UNGC во 2022 година. ДЕ е покриена од страна на COP на матичната компанија на ТИТАН Групацијата (ТИТАН Цемент интернационал). Видете табела 2.5.11.

UNCTAD: Во својата рамка на известување ТИТАН ги има усвоено применливите KPI во однос на Упатствата на UNCTAD, како дополненија кон горните Стандарди на известување. ТИТАН ги усвои во рамките на својот пристап за известување важечките KPI според Упатството за основните индикатори за одржливост и известувањето за влијанието на Целите за одржлив развој (последна публикација 2022 година).

TCFD: ТИТАН известува според препораките на Работната група за финансиски обелоденувања поврзани со климата (TCFD).

SASB: ТИТАН се има усогласено со барањата на Одборот за стандарди за сметководство за одржливост (SASB), кој се спои со Меѓународниот совет за интегрирано известување (IIRC) во 2021 година за да ја формира Фондацијата за известување за вредности (VRF). Во 2022 година, VRF беше консолидирана во рамките на Фондацијата за меѓународни стандарди за финансиско известување (IFRS) за поддршка на работата на Меѓународниот одбор за стандарди за одржливост (ISSB).

## Упатства за KPI и други објави

Табелата 2.5.9 „Сектор и други стандарди за нефинансиските објави во 2022 година" дава детални референци за документите за насоки за секторот (GCCA) и другите глобални институции (UNCTAD и UNGC) кои се инкорпорирани во пристапот на известување на ТИТАН. Поврзувањата на KPI се прикажани во извештаите за перформансите на ESG за сите фокус области на Декарбонизација и дигитализација (видете Табела 2.1), Работно опкружување што овозможува раст (Табела 2.2), Позитивно локално влијание (Табела 2.3), Одговорно управување со ресурсите (Табела 2.4) и Добро управување, транспарентност и деловна етика (Табели 2.5.1 и 2.5.10), посебно за упатствата за известување според UNGC видете Табела 2.5.11.

**Сите износи во ЕУР во овој Извештај се пресметани според 'просечниот годишен' девизен курс: 1 ЕУР = 61,62207 МКД*

| 1. | Материјални прашања | |
|---|---|---|
| | Групација ТИТАН | Северна Македонија |
| 1 | Бизнис модел подготвен за иднината за јаглеродно неутрален свет | Управување со локалните влијанија врз животната средина и заштита на природните ресурси |
| 2 | Безбедна и здрава работна средина | Безбедна и здрава работна средина за нашите вработени и за деловните партнери |
| 3 | Добро управување, транспарентност и деловна етика | Градење доверба со нашите купувачи и унапредување на нивното задоволство |
| 4 | Различни и инклузивни работни места | Добро управување и деловна етика |
| 5 | Позитивно локално општествено, економско и еколошко влијание | Продолжување на соработката и придонесот кон одржливоста на заедниците |
| 6 | Иновации со акцент на дигитализација и декарбонизација | Декарбонизација, енергетска ефикасност и отпорност на деловниот модел |
| 7 | Континуиран развој на нашите луѓе | Вклучување на вработените, развој и добросостојба |
| 8 | Сигурен и одржлив синџир на набавки | Одржлив и стабилен синџир на набавки |
| 9 | Ефикасност на ресурсите, рециклирање и санација, придонес кон циркуларната економија | |

## Поврзување на материјалните прашања со областите во фокус на Групацијата ТИТАН

| | | Управување со локалните влијанија врз животната средина и заштита на природните ресурси -1 | Безбедна и здрава работна средина за нашите вработени и за деловните партнери-2 | Градење доверба со нашите купувачи и унапредување на нивното задоволство -3 | Добро управување и деловна етика -4 | Продолжување на соработката и придонесот кон одржливоста на заедниците -5 | Декарбонизација, енергетска ефикасност и отпорност на деловниот модел -6 | Вклучување на вработените, развој и благосостојба -7 | Одржлив и стабилен синџир на снабдување -8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Области за фокусирање на Групацијата ТИТАН | Декарбонизација и дигитализација | ● | | ● | | | 🔗 | | |
| | Работно опкружување кое овозможува раст | | 🔗 | | ● | ● | | 🔗 | |
| | Позитивно локално влијание | 🔗 | | ● | | 🔗 | | | |
| | Одговорно управување со ресурсите | 🔗 | | 🔗 | ● | ● | 🔗 | | 🔗 |
| | | Засновано на: Добро управување, Транспарентност и Деловна етика 3, 4 🔗 | | | | | | | |

Силните врски меѓу нашите материјални прашања и фокус областите на Групацијата ТИТАН се прикажани со 🔗.
Тие се посочени како примарни поврзувања.

## Забелешки

Првата колона од Табелата 1 го содржи редоследот на приоритетите во однос на материјалните прашања за ТИТАН согласно резултатите од процената на материјалноста во последниот циклус од 2020 и 2021 година. Во 2022 година, преку валидацијата на процената на материјалноста се идентификуваа и презентираа дополнителни прашања.

**За дефинициите:**
Ограничувањата на известувањето за секое материјално прашање се дефинирани со принципите на „стратешки фокус и идна ориентација", „поврзаност на информации", „односи со засегнатите страни", „материјалност", „концизност", „сигурност и комплетност", и „конзистентност и споредливост", усогласено со насоките на Меѓународниот совет за интегрирано известување (IIRC)[1]:

**Стратегиски фокус и идна ориентација**
Интегрираниот годишен извештај на ТИТАН дава увид во стратегијата на организацијата во однос на организациската способност за создавање вредности и тоа на краткорочен, среднорочен и долгорочен план, и користењето и влијанието што го има врз капиталот (финансиски, производствен, интелектуален, човечки, општествен и односен и природен капитал). Во извештајот ги истакнуваме значајните ризици, можности и зависности кои произлегуваат од пазарната позиција и деловниот модел на организацијата.

**Поврзување на информации**
Целта на поврзаноста е да се изрази врската помеѓу финансиските и нефинансиските информации, а во насока на обезбедување холистичко видување во однос на комбинацијата, меѓусебната поврзаност и зависностите помеѓу сите фактори кои влијаат врз способноста на организацијата да создава вредности со текот на времето. Извештајот опфаќа поврзаност на информациите во текот на известувањето, анализата и донесувањето одлуки од страна на менаџментот.

**Односите со засегнатите страни**
ТИТАН обезбедува увид во природата и квалитетот на односите на организацијата со нејзините клучни засегнати страни, вклучително и до кој степен организацијата ги разбира, ги зема предвид и одговара на нивните легитимни потреби и интереси. Извештајот го претставува пристапот за вклучување на засегнатите страни со кој се обезбедуваат нивните повратни информации и со кој се приложуваат корисни сознанија за прашањата што се важни за нив, вклучително и економски, еколошки и општествени прашања кои, исто така, влијаат на способноста на организацијата да создава вредност.

**Материјалност**
Одредено прашање се смета за релевантно доколку неговата важност и релевантност се такви што би можеле значително да влијаат врз процената на обезбедувачите на финансиски капитал во однос на организациската способност за создавање вредности и тоа на краткорочен, среднорочен и долгорочен план. При утврдувањето дали одредено прашање е материјално или не, топ менаџментот на ТИТАН и оние кои се одговорни за управувањето треба да размислат дали прашањето значително влијае или има потенцијал значително да влијае на стратегијата на организацијата, нејзиниот бизнис модел и капиталот кој го користи и врз кој има влијание.

**Концизност**
Извештајот на ТИТАН приложува доволен контекст за разбирање на стратегијата, управувањето, резултатите и перспективите на организацијата без да се оптоварува со помалку релевантни информации кои се излишни по природа. Обелоденувањата за материјалните прашања подразбираат концизни информации кои го поддржуваат горенаведеното. Ние, исто така, бараме рамнотежа во нашиот извештај помеѓу концизноста и другите Водечки принципи, особено комплетноста и споредливоста.

**Сигурност и комплетност**
Извештајот ги вклучува сите прашања поврзани со нашите материјални прашања и обезбедува позитивни и негативни информации во однос на резултатите на ТИТАН во сите фокус области во нашата рамка за материјалност, на избалансиран начин и без материјална грешка. Веродостојноста на обелоденувањата на ТИТАН е засилена со механизмите на цврсти системи за внатрешна контрола и известување, вклученост на засегнатите страни, внатрешни ревизии и имплементација на внатрешните процеси и стандардните оперативни практики, како и независна (надворешна) верификација на уверување од трети лица ревизори. Во однос на комплетноста, ТИТАН гарантира дека сите материјални информации се идентификувани земајќи ја предвид материјалноста на нашиот сектор, што беше составен дел од процената во последниот циклус на материјалност (2020 година).

**Конзистентност и споредливост**
Ние обезбедуваме конзинстентност на пријавените обелоденувања со тоа што гарантираме дека политиките за известување на ТИТАН треба конзистентно да се следат од еден период до следниот освен ако е неопходна дадена промена за подобрување на квалитетот на изнесените информации. Ова подразбира користење на истите KPI за известување за истото прашање доколку и понатаму остануваат да се материјални во периодите на известување. Во случај кога е направена одредена значајна промена, организацијата ја објаснува причината за промената притоа опишувајќи го (и квантификувајќи го доколку тоа е практично и материјално) неговото влијание. Споредливоста на пријавените информации е со цел обезбедување споредливост со останатите организации до оној степен до кој тоа е материјално за способноста на организацијата да изгради вредности со текот на времето. Во однос на споредливоста, информациите во извештајот на ТИТАН се претставени на начин што овозможува споредба со други организации од истиот сектор, следејќи ја договорената заедничка рамка на упатства за резултати на одржливост во областите на здравјето и безбедноста и животната средина, обезбедувајќи, притоа, информации согласно стандардизираните перформанси на KPI со заедничките дефиниции за сите компании во тој сектор и со користење на референцијални податоци, како што се индустриските или регионалните одредници.

1. Извор: „Меѓународна рамка за интегрирано известување" (IIRC, јануари 2021). Повеќе информации за IIRC на www.theiirc.org.
2. ТИТАН го користи еквивалентниот термин „значење".

| 2. | Клучни индикатори на успешноста (KPIs) во однос на резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Фокус област: Декарбонизација и дигитализација | | | | | | | | | | | |
| Код | Индикатори на успешноста за резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување | Единица | 2022 | 2021 | 2020 | GCCA | UNGC | UNCTAD | TCFD | SASB | ЦОР и Цели |
| 2.1.1 | Материјално прашање: Бизнис модел подготвен за иднината за јаглеродно неутрален свет | | | | | | | | | | | |
| Дејности за производство на цемент и цементни производи | | | | | | | | | | | | |
| 1.1 | Опсег 1 Бруто емисии на $CO_2$[2] | милион t | 0,6 | 0,7 | 0,7 | ● | ● | ● | ● | EM-CM-110a.1 | |
| 1.2 | Опсег 1 Специфични бруто емисии на $CO_2$ | kg/t цементен производ | 647,5 | 665,9 | 671,4 | ● | ● | | ● | | |
| 1.3 | Опсег 1 Стапка на опфат на бруто емисии на $CO_2$ | % производство на клинкер | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | | | |
| 1.4 | Опсег 1 Бруто емисии на $CO_2$ опфатени со ограничувачките прописи | % | 0,0 | 0,0 | 0,0 | | ● | ● | | EM-CM-110a.1 | |
| 1.5 | Опсег 1 Нето емисии на $CO_2$ | милион t | 0,6 | 0,7 | 0,7 | ● | ● | ● | ● | | |
| 1.6 | Опсег 1 Специфични нето емисии на $CO_2$ | kg/t цементен производ | 644,2 | 663,5 | 669,9 | ● | ● | | ● | | |
| 1.7 | Опсег 1 Стапка на опфат на нето емисии на $CO_2$ | % производство на клинкер | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | | | |
| 1.8 | Опсег 2 Емисии на $CO_2$[3] | милион t | 0,1 | 0,1 | 0,1 | ● | ● | ● | ● | | ЦОР 9.4 |
| 1.9 | Опсег 2 Специфични емисии на $CO_2$ | kg/t цементен производ | 70,8 | 90,2 | 97,3 | ● | ● | | ● | | |
| 1.10 | Опсег 2 Стапка на опфатеност на емисии на $CO_2$ | % производство на клинкер | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | | | |
| 1.11 | Опсег 3 Емисии на $CO_2$[4,8] | kt | 134,2 | 130,6 | 141,4 | ● | | | ● | | |
| 1.12 | Категорија 1 - Купени стоки и услуги[9] | kt | 16,6 | 17,0 | 16,6 | ● | | | ● | | |
| 1.13 | Категорија 3 - Активности поврзани со гориво и енергија | kt | 89,8 | 89,6 | 108,3 | ● | | | ● | | |
| 1.14 | Категорија 4 - Влезен транспорт и дистрибуција | kt | 11,2 | 8,1 | 7,2 | ● | | | ● | | |
| 1.15 | Категорија 6 - Службени патувања | kt | 0,0 | 0,0 | 0,0 | ● | | | ● | | |
| 1.16 | Категорија 7 - Патување на вработените | kt | 0,2 | 0,2 | 0,2 | ● | | | ● | | |

| Код | Индикатори на успешноста за резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување | Единица | 2022 | 2021 | 2020 | GCCA | UNGC | UNCTAD | TCFD | SASB | ЦОР и Цели |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.17 | Категорија 9 - Излезен транспорт и дистрибуција | kt | 16,5 | 15,8 | 9,1 | ● | | | ● | | ЦОР 9.4 |
| 1.18 | Опсег 3 Специфични емисии на $CO_2$[8] | kg/t цементен производ | 143,6 | 120,8 | 137,0 | ● | | | ● | | |
| 1.19 | Опсег 3 Стапка на опфатеност на емисии на $CO_2$ | % производство на клинкер | 100,0 | 100,0 | 100,0 | | | | | | |
| 1.20 | Стапка на замена на конвенционални фосилни горива | % на топлина | 97,0 | 97,9 | 98,4 | ● | ● | ● | ● | | |
| 1.21 | Стапка на замена на алтернативни горива | % на топлина | 3,0 | 2,1 | 1,6 | ● | ● | ● | ● | EM-CM-130a.1 | |
| 1.22 | Биомаса во мешавина на горива[5] | % на топлина | 1,6 | 1,2 | 0,9 | ● | ● | ● | ● | EM-CM-130a.1 | |
| 1.44 | Потрошувачка на алтернативни горива (вкупна) | t | 3.167 | 2.731 | 2.729 | ● | ● | ● | ● | EM-CM-130a.1 | ЦОР 7.2<br>ЦОР 12.2<br>ЦОР 13.1 |
| 1.45 | Соодност на клинкер и цемент | % | 72,1 | 72,6 | 73,8 | ● | ● | | ● | | |
| 1.46 | Ниско јаглеродни производи[6] | % производство на цемент | 93,6 | 93,6 | 96,2 | | | | ● | | |
| 1.47 | Зелени (пониски јаглеродни) производи[1,7] | % производство на цемент | 21,6 | 9,6 | 7,4 | | | | ● | | |

## Забелешки

**Забелешки за конкретни KPI**

1. Нов индикатор. Повеќе детали можете да најдете во делот „Пристапот на ТИТАН за известување за успешноста за резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување (ESG)".
2. Директни емисии на $CO_2$ кои се поврзани со капацитетите на ТИТАН за производство на клинкер, цемент и цементни производи.
3. Индиректни емисии на $CO_2$ кои се поврзани со емисиите кои се ослободуваат при производството на електрична енергија која се користи во капацитетите на ТИТАН за производство на клинкер, цемент и цементни производи. За нивна пресметка, ги користиме факторите на емисии кои ги обезбедува добавувачот на електрична енергија (врз основа на пазарната вредност) или други извори на јавно достапни податоци (врз основа на локалната вредност).
4. Индиректните емисии на $CO_2$ се однесуваат на емисиите од синџирот на набавки.
5. Стапката на биомаса соодветствува на процентот на вкупна потрошувачка на термичка енергија која доаѓа од извори на обновлива енергија.
6. Ниско јаглеродни производи се однесуваат на произведени типови на цемент со јаглероден отпечаток кој е најмалку 10,0 % помал од оној на вообичаениот тип OPC, како и кој било цементен производ кој се продава како адитив за цемент или бетон.
7. Зелените (пониско јаглеродни) производи се однесуваат на произведени типови на цемент со јаглероден отпечаток кој е најмалку 25,0 % помал од оној на вообичаениот тип на OPC, како и кој било цементен производ кој се продава како адитив за цемент или бетон.
8. Анализата на Опсегот 3 опфаќа 6 (од вкупно 15) категории, односно купени стоки и услуги, активности поврзани со гориво и енергија, влезен транспорт и дистрибуција, службено патување, патување на вработените и излезен транспорт и дистрибуција, кои се сметаат за релевантни за цементните активности согласно анализата на GCCA.
9. Емисиите од Опсег 3 Категорија 1 не ги вклучуваат емисиите поврзани со услуги, како што се услуги за податоци, професионални услуги, услуги за одржување, угостителски услуги, безбедносни услуги, услуги за чистење итн., бидејќи истите не се сметаат дека значително придонесуваат кон севкупните емисиии од Опсег 3 кога нема достапни издржани и релевантни информации.

**Забелешки за поврзаноста на KPI со SASB Стандардите**

Поврзаност на индикаторите за резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување со метрика која е во согласност со SASB Стандардите, особено:
-EM-CM-110a.1 во однос на областа „Емисии на стакленички гасови" за Бруто глобалниот Опсег 1 емисии, процент опфатен со регулативите кои се ограничувачки.
-EM-CM-130a.1 во однос на областа „Управување со енергијата" за вкупно потрошената енергија, процент на енергија од електрината мрежа, процент на алтернативна енергија и процент на обновлива енергија.

| 2.2 | Фокус област: Работно опкружување кое овозможува раст | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Код | Индикатори на успешноста за резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување | Единица | 2022 | 2021 | 2020 | GCCA | UNGC | UNCTAD | TCFD | SASB | ЦОР и Цели |
| 2.2.1 | Материјално прашање: Безбедна и здрава работна средина | | | | | | | | | | |
| Сите активности | | | | | | | | | | | |
| 2.1 | Смртни случаи на вработени | # | 0 | 0 | 0 | ● | ● | ● | | | |
| 2.2 | Стапка на смртност кај вработените | #/$10^4$ лица | 0,0 | 0,0 | 0,0 | ● | ● | ● | | | |
| 2.3 | Смртни случаи кај изведувачи | # | 0 | 0 | 0 | ● | ● | ● | | | |
| 2.4 | Смртни случаи кај трети лица | # | 0 | 0 | 0 | ● | ● | ● | | | |
| 2.5 | Изгубено време поради повреди на вработени (LTIs) | # | 0 | 1 | 1 | ● | ● | ● | | | |
| 2.6 | Стапка на зачестеност на изгубено работно време поради повреди (LTIFR) | #/$10^6$ часови | 0,00 | 2,30 | 2,47 | ● | ● | ● | | EM-CM-320a.1 | ЦОР 3.6<br>ЦОР 3.8<br>ЦОР 4.3<br>ЦОР 8.8 |
| 2.7 | Изгубени работни денови на вработените[4] | денови | 0 | 102 | 147 | ● | ● | | | | |
| 2.8 | Стапка на сериозност на повредите со изгубено работно време[4] | d/$10^6$ часови | 0,0 | 234,2 | 363,4 | ● | ● | ● | | | |
| 2.9 | Изгубено време поради повреди кај изведувачите (LTIs) | # | 1 | 2 | 1 | ● | ● | ● | | | |
| 2.10 | Стапка на зачестеност на изгубено работно време поради повреди кај изведувачите (LTIFR) | #/$10^6$ часови | 3,2 | 4,7 | 1,8 | ● | ● | ● | | EM-CM-320a.1 | |
| Сите активности | | | | | | | | | | | |
| 2.11 | За малку избегнати повреди/несреќи | # | 28 | 38 | 19 | | ● | | | EM-CM-320a.1 | |
| 2.12 | Часови обука на вработените за безбедност и здравје[5] | часови/ лице | 16,1 | 17,1 | 5,3 | | ● | ● | | | ЦОР 3.6<br>ЦОР 3.8<br>ЦОР 4.3<br>ЦОР 8.8 |
| 2.13 | Часови обука на изведувачите за безбедност и здравје[5] | часови/ лице | 14,4 | 16,4 | 2,0 | | ● | ● | | | |
| 2.14 | Трошоци за безбедност и здравје[2] | € | 97,68 | 416,07 | 551,44 | | ● | ● | | | |
За цементарница УСЈЕ: Известувањето за нашите активности, резултати и напредок за придонесот кон напорите на матичната компанија – Групацијата ТИТАН е веќе опфатено со COP на матичната компанија и достапно на веб-страницата на UNGC. Во овој Извештај УСЈЕ дава преглед на поврзаноста на нашите перформанси и активности за следење и поддршка на Десетте начела на UNGC*.

Табелата за прегледот е дел од поглавјето за ESG известување, на стр. 82.

*_**Забелешка за употреба на логото „We Support“ на UNGC:** Потврдуваме дека нашата матична компанија ТИТАН Цемент интернационал С.А. учествува во Глобалниот договор на ОН и ги поддржуваме Десетте начела и унапредувањето на Целите за одржлив развој, како и пошироките цели на ОН. Нашата поддршката за оваа иницијатива целосно ја консолидираме во рамки на заложбата на нашата матична компанија._

| 2.5.11 | Преглед на напредокот за поддршката на Десетте начела од Глобалниот договор на Обединетите нации (UNGC) | | |
|---|---|---|---|
| Дел[1] | Прашање[1] | UNGC Начела[1] | Повикување на Извештајот[1] |
| Управување | G1: Вклученост на Одборот/топ менаџментот<br>G2: Јавно искажана посветеност<br>G3: Кодекс на однесување<br>G4: Одговорен поединец или група<br>G5: Формална структура<br>G6 и G.6.1: Процеси за процена на ризик<br>G7 и G7.1: Длабинска анализа<br>G9: Поуки<br>G10: Плаќање на менаџментот поврзано со резултатите на одржливоста<br>G12: Известување за одржливост | 1,7,10 | За извештајот<br>Преглед<br>Клучни показатели за работењето:<br>Добро владеење, транспарентност и деловна етика<br>Извештај за управување<br>Корпоративно управување и управување со ризик:<br>Изјава за корпоративно управување<br>Преглед на известувањето за резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување (ESG): Добро управување, транспарентност и деловна етика<br>ESG известување: пристапот на ТИТАН во известувањето за ESG резултатите, и Табели 2.5.1, 2.5.3. |
| | G8 и G8.1: Подигнување на загриженост за однесувањето на компанијата | 1,3,7,10 | |
| | G11: Состав на Одборот | 16 | |
| | G13: Обезбедување информации | 10 | |
| Човекови права[2] | HR1: Материјални теми<br>HR2 и HR2.1: Посветеност на политики<br>HR3: Вклученост на засегнатите страни<br>HR4: Превенција/ублажување<br>HR5: Обука<br>HR6: Процена на напредокот во превенција/ублажување<br>HR8: Практични активности | 1,2 | Преглед<br>Клучни показатели за работењето:<br>Фокусирање на материјални прашања и вклучување на засегнатите страни<br>Извештај за управување<br>Корпоративно управување и управување со ризик<br>Преглед на ESG резултатите: Добро управување, транспарентност и деловна етика<br>ESG известување: Табели 2.5.1, 2.5.3, 2.5.9. |
| Работна сила | L1 и L1.1: Посветеност на политики<br>L2: Вклученост на засегнатите страни<br>L3: Превенција/ублажување<br>L4: Обука<br>L5: Процена на напредокот во превенција/ублажување<br>L9: Зачестеност (фрекфенција) на повреди<br>L10: Стапка на инциденти<br>L11: Корективни активности<br>L12: Практични активности | 3,4,5,6 | Преглед<br>Клучни показатели за работењето:<br>Добро управување, транспарентност и деловна етика ESG резултати<br>Извештај за управување<br>Корпоративно управување и управување со ризик<br>Преглед на резултатите на ESG: Добро управување, транспарентност и деловна етика<br>ESG известување: Табели 2.2.1, 2.2.2., 2.2.3, 2.5.1, 2.5.3, 2.5.9. |
| | L1.2: Слобода на здружување и колективно договарање<br>L6: Спогодбени колективни договори | 3,4,6 | |
| | L7: Жени на раководни позиции | 6 | |

| Дел[1] | Прашање[1] | UNGC Начела[1] | Повикување на Извештајот[1] |
|---|---|---|---|
| Животна средина | Е1 и Е1.1: Посветеност на политики<br>Е2: Вклученост на на засегнатите страни<br>Е3: Превенција/ублажување<br>Е4: Процена на напредокот во превенција/ублажување<br>Е4.1: Цели и насоки<br>Е4.2: Мерење на напредокот во однос на целите<br>Е6: Емисии на стакленички гасови<br>Е6.1: Детали за емисиите на Опсегот 3<br>Е14: Конверзија на природни екосистеми<br>Е16: Загадување на воздухот<br>Е17: Отпад<br>Е18: Опасен отпад | 7,8 | Преглед<br>Клучни показатели за работењето<br>ESG резултати<br>Извештај за управување<br>Корпоративно управување и управување со ризик<br>Преглед на известувањето за резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување (ESG): Фокус области: Декарбонизација и дигитализација, Работно опкружување што овозможува раст, Позитивно локално влијание, Одговорно управување со ресурсите<br>Добро управување, транспарентност и деловна етика<br>ESG известување: Табели 2.1.1, 2.3.1. и дополнителната табела за Наоѓалиштата на рудници од Групацијата ТИТАН со висока вредност во однос на биодиверзитетот, исто така Табелите 2.4.1, 2.5.3. |
| | Е7: Инвестиции во истражување и развој на нискојаглеродни производи и услуги<br>Е8: Климатска адаптација<br>Е9: Обновлива енергија<br>Е10: Нискојаглеродни производи/услуги<br>Е11: Исцрпување и потрошувачка на водата<br>Е12: Интензитет на водата<br>Е13: Локации во или во непосредна близина на клучните области на биолошката разновидност (биодиверзит)<br>Е15: Обнова и заштита на екосистемот<br>Е20: Практични активности<br>Е: Сектор (градежништво и материјали) | 7,8,9 | |
| Антикорупција | AC1 Програма за усогласеност<br>AC1.1 Година на преглед на програмата<br>AC2 Политика<br>AC3 Обука<br>AC3.1 Зачестеност на обуката<br>AC4 Следење на усогласеноста<br>AC5 Инциденти на корупција<br>AC6 Мерки за справување со сомнителни инциденти на корупција<br>AC7 Колективно дејствие против корупција<br>AC8 Практични активности | 10 | Клучни показатели за работењето<br>Извештај за управување<br>Корпоративно управување и управување со ризик<br>Преглед на известувањето за резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување (ESG): Добро управување, транспарентност и деловна етика<br>ESG известување: Табели 2.5.1, 2.5.3, 2.5.9. |

## Забелешки

1. Поврзаноста меѓу „Прашањата" во рамките на COP со специфична кодификација според различните области на Прашалникот и Десетте начела на UNGC се олеснува со референците во Извештајот (вклучувајќи го и ESG известувањето). За поврзувањето со Целите за одржлив развој, погледнете ги упатувањата во табелите 2.1, 2.2, 2.3, 2.4 и 2.5 од извештаите за резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување (ESG).

2. Во однос на областа на човековите права: ТИТАН не работи во или во близина на области на конфликт, според податоците на Програмата за податоци за конфликти во Упсала UCDP - видете ја веб-страницата: Програма за податоци за конфликти во Упсала (uu.se). Во 2022 година, ТИТАН имплементираше проект за валидација на постојната матрица на материјалност на ниво на секоја ДЕ (видете дел „Фокусирање на материјални прашања"), со кој се овозможи вклучување на раководството на ТИТАН во сите земји на работење и длабинска анализа на ниво на ДЕ во однос на човековите права и правата на домородните народи и можните конфликти поврзани со нив. Не се појавија или не се очекуваат прашања на конфликти во однос на горенаведеното. Ниту една нова информација за оваа тема не беше забележана во печатот/медиумите во ниту една од земјите на нашето работење. Не беа регистрирани инциденти во 2022 година во врска со затворање на локацијата или доцнење со проектите поради фактори од нетехничка природа, како што се оние кои произлегуваат од очекување на регулаторните дозволи или други политички доцнења поврзани со загриженост на заедницата, отпор или протест на заедницата или засегнатите страни и вооружен конфликт.

Забелешки за поврзаноста на KPI и другите објави со SASB Стандардите
- Во врска со горенаведената Белешка 4, ги покриваме барањата за известување во согласност со стандардите на SASB за две теми (области): „Безбедност, човекови права и права на домородните народи" и поконкретно метриката (KPIs) EM-MM-210a .1, EM-MM-210a.2 и EM-MM-210a.3 и „Односи во заедницата", поконкретно за метриката (KPI) EM-MM-210b.1 и EM-MM-210b.2, во врска со дискусијата за процесот за управување со ризиците и можностите поврзани со правата и интересите на заедницата.
- Во однос на темата (областа) „Бизнис етика и транспарентност" и конкретно поврзаноста со метриката (KPI) EM-MM-510a.2, видете ја дополнителната Табела „Транспаренси Интернешнл - Индексот на перцепција на корупцијата за 2022 година".



# ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

# Клучни финансиски показатели за 2022

**Во 2022 година наш најголем предизвик беше ценовната политика за обезбедување на пазарниот удел, но и одржувањето на профитабилноста на највисоко можно ниво во средина каде што големопродажните цени на енергијата постојано се зголемуваа. Со честото покачување на нашите цени, успеавме да обезбедиме EBITDA за 8,6% пониска од минатата година, иако продажбата се намали за 10,4%.**

| Промет | EBITDA | Нето-добивка по оданочување |
|---|---|---|
| **2022: 6.250 милиони МКД**<br>(2021: 4.983 милиони МКД) | **2022: 1.364 милиони МКД**<br>(2021: 1.489 милиони МКД) | **2022: 1.029 милиони МКД**<br>(2021: 1.177 милиони МКД) |

| Капитални расходи | ROCE (EBIT/ Употребен капитал) | Добивка по акција |
|---|---|---|
| **2022: 374 милиони МКД**<br>(2021: 355 милиони МКД) | **2022: 24,94%**<br>(2021: 26,19%) | **2022: 1.826 МКД**<br>(2021: 2.088 МКД) |

## Обем на продажба

| Цемент | Готов бетон | Агрегати |
|---|---|---|
| **2022: 925.137 тони**<br>(2021: 1.032.212 тони) | **2022: 36.153 $m^3$**<br>(2021: 34.600 $m^3$) | **2022: 62.191 тони**<br>(2021: 83.267 тони) |



# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

pwc

# Извештај на независниот ревизор

До Одборот на директори и Акционерите на Цементарница Усје АД Скопје

**Извештај за поединечните финансиски извештаи**

Ние извршивме ревизија на приложените поединечни финансиски извештаи на Цементарница Усје АД Скопје, коишто го вклучуваат поединечниот извештај за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2022 година, и поединечниот извештај за сеопфатна добивка, поединечниот извештај за промени во главнината и поединечниот извештај за парични текови за годината којашто завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

**Одговорност на раководството за поединечните финансиски извештаи**

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие поединечни финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето на поединечни финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие поединечни финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Стандардите за ревизија прифатени во Република Северна Македонија („Стандардите"). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали поединечните финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во поединечните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на поединечните финансиски извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на поединечните финансиски извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на поединечните финансиски извештаи.
Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Бул. 8 септември, 16, Хипериум Бизнис Центар, 2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, Даночен број: МК4030008022586, Т: +389 2 3140 900, Ф: +389 2 3116 525, www.pwc.com/mk

pwc

**Мислење**

Според нашето мислење, поединечните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Цементарница Усје АД Скопје заклучно со 31 декември 2022 година, како и на нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Годишниот извештај е подготвен од страна на Раководството во согласност со барањата на Законот за Трговски Друштва, член 384.

Раководството е исто така одговорно за подготвувањето на Поединечната одишна сметка и Годишниот извештај на Цементарница Усје АД Скопје, кои се одобрени од Одборот на директори.

Според барањата на Законот за Ревизија, известуваме дека историските информации прикажани во Годишниот извештај подготвен од страна на Раководството на Цементарница Усје АД Скопје, во согласност со член 384 од Законот за Трговски Друштва е конзистентен во сите материјални аспекти со финансиските информации прикажани во Поединечната годишна сметка и ревидираните поединечни финансиски извештаи на Цементарница Усје АД Скопје, на крајот на 31 декември 2022 година и за годината која завршува тогаш.

Драган Давитков
Управител

Драган Давитков
Овластен ревизор

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

7 април 2023 година
Скопје, Република Северна Македонија

Цементарница „УСЈЕ“ АД- Скопје

## ПОЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
**За годината што завршува на 31 декември 2022 година**

| | *Белешки* | *2022 МКД'000* | *2021 МКД'000* |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3а | 6.124.359 | 4.876.144 |
| Останати приходи | 3б | 126.356 | 107.244 |
| Трошоци на продадени производи | 3в | (4.831.536) | (3.427.101) |
| **Бруто добивка** | | **1.419.179** | **1.556.287** |
| Останати оперативни приходи | 3г | 205.767 | 158.232 |
| Останати оперативни трошоци | 3д | (189.985) | (184.782) |
| Трошоци за продажба и маркетинг | | (41.313) | (36.300) |
| Административни трошоци | 3ѓ | (239.771) | (209.664) |
| **Добивка од оперативни активности** | | **1.153.877** | **1.283.773** |
| Приходи од финансирање | | 1.321 | 2.660 |
| Курсни разлики нето | | (27.958) | (587) |
| Трошоци од финансирање | | (22.683) | (6.764) |
| **Нето трошоци од финансирање** | 3е | **(49.320)** | **(4.691)** |
| **Добивка пред оданочување** | | **1.104.557** | **1.279.082** |
| Данок на добивка | 4 | (75.225) | (101.654) |
| **Добивка за годината** | | **1.029.332** | **1.177.428** |
| ***Останата сеопфатна добивка која не се рекласифицикува во билансот на успех во последователните периоди:*** | | | |
| Ревалоризационен вишок - Вложувања во недвижности | 8 | - | 14.932 |
| **Вкупно сеопфатна добивка за годината** | | **1.029.332** | **1.192.360** |
| **Добивка за годината распределна на:** | | | |
| Акционерксi капитал на матичната компанија | | 977.865 | 1.118.557 |
| Неконтролирачко учество | | 51.467 | 58.871 |
| | | **1.029.332** | **1.177.428** |
| *Заработувачка по акција* | | | |
| Основна заработувачка по акција која се однесува на имателите на акции на матичното друштво | 5 | 1,83 | 2,09 |
| **Вкупно сеопфатна добивка за годината распределна на:** | | | |
| Акционерксi капитал на матичната компанија | | 977.865 | 1.132.742 |
| Неконтролирачко учество | | 51.467 | 59.618 |
| | | **1.029.332** | **1.192.360** |

Белешките од страна 9 до 51 се интегрален дел од овие поединечни финансиски извештаи 4

**Цементарница „УСЈЕ“ АД- Скопје**

## ПОЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА за 31 декември 2022 година

| | *Белешки* | *2022 МКД'000* | *2021 МКД'000* |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности. постројки и опрема | 6 | 2.782.745 | 2.638.302 |
| Нематеријални средства | 7 | 32.594 | 14.001 |
| Вложувања во недвижности | 8 | 276.172 | 250.812 |
| Вложувања во подружници | | 24.061 | 38.722 |
| Средства за истражување и вреднување | 9 | 1.220 | 1.220 |
| | | **3.116.792** | **2.943.057** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 10 | 1.771.655 | 1.243.716 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 11 | 623.590 | 487.072 |
| Побарување за данок на добивка | | 12.465 | 18.809 |
| Пари и парични средства | 12 | 155.711 | 354.646 |
| | | **2.563.421** | **2.104.243** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **5.680.213** | **5.047.300** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Акционерски капитал | 13 | 1.747.730 | 1.747.730 |
| Премија | | 2.322 | 1.122 |
| Акумулирана добивка | | 1.029.332 | 491.134 |
| Останати резерви | 14 | 319.796 | 319.796 |
| Реинвестирана добивка | | 1.338.700 | 1.105.778 |
| | | **4.437.880** | **3.665.560** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни резервации за отпремнини | 15 | 54.055 | 55.543 |
| Резервација за ревитализација на рудниците | | 7.642 | 1.493 |
| | | **61.697** | **57.036** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 16 | 819.490 | 1.307.746 |
| Резервација за неискористен годишен одмор | | 6.233 | 4.003 |
| Тековен дел на долгорочни резервации за отпремнини | 15 | 3.174 | 3.040 |
| Обврска за данок на добивка | | 7.879 | 9.474 |
| Краткорочни заеми | 17 | 343.630 | - |
| Обврска за дивиденда | | 230 | 441 |
| | | **1.180.636** | **1.324.704** |
| **ВКУПЕН КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **5.680.213** | **5.047.300** |

*Потпишано од страна на овластени лица на Друштвото на 28 февруари 2023 година:*

Борис Крисафов
*Главен извршен директор*

Барлакоска Габриела
*В.Д. Финансов директор и овластен сметководител*

Цементарница "УСЈЕ" АД Скопје

*Составувач, овластен сметководител со број на уверение 102613*

# ПОЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ
## За годината што завршува на 31 декември 2022 година

| | Белешки | *2022 МКД'000* | *2021 МКД'000* |
|---|---|---|---|
| *Парични текови од оперативни активности* | | | |
| Добивка пред оданочување | | **1.104.557** | **1.279.082** |
| *Исправки за:* | | | |
| Добивка од продажба на НПО | | - | (801) |
| Амортизација на НПО | | 210.983 | 205.442 |
| Актуарска загуба, нето | | 24 | 7.387 |
| Трошок за камата, пресметка на резервации за обврски за пензионирање | | 1.704 | 1.535 |
| Приход од камати | | (1.321) | (2.660) |
| Отпис на застарена залиха и корекција на истата | | 5.903 | 19.225 |
| Неискористени денови од годишен одмор (нето) | | 2.230 | 493 |
| (Добивки) / загуби од вреднување на вложувања во недвижности, нето | | (25.360) | (11.111) |
| Трошок за камати | | 13.747 | 5.231 |
| Отпис на застарени побарувања и исправка на вредноста | | 6.520 | 400 |
| Нето сегашна вредност на продадени и отпишани НПО | | 345 | 3.141 |
| **Оперативна добивка пред промени во оперативниот капитал** | | **1.319.332** | **1.507.364** |
| Зголемување на побарувања од купувачи и останати побарувања | | (143.039) | (64.214) |
| Зголемување на залихите | | (533.843) | (405.522) |
| Намалување/(Зголемување) на обврски спрема добавувачи и останати обврски | | (484.330) | 336.815 |
| **Парични средства генерирани од оперативни активности** | | **158.120** | **1.374.443** |
| Платени камати | | (13.747) | (5.231) |
| Платен данок на добивка | | (70.475) | (168.731) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **73.898** | **1.200.481** |
| *Парични текови од инвестициони активности* | | | |
| Набавка на недвижности, постројки и опрема | | (374.365) | (355.592) |
| Зголемување/(намалување) на вложување во подружници | | 14.660 | (2.468) |
| Примања од продажба на НПО | | 345 | 973 |
| Примени приходи од камата | | 1.321 | 2.660 |
| **Нето парични текови искористени во инвестициони активности** | | **(358.039)** | **(354.427)** |
| *Парични текови од финансиски активности* | | | |
| Дивиденда платена на акционери во Групацијата | | (245.303) | (1.094.487) |
| Дивиденда платена на малцинските акционери | | (13.122) | (59.692) |
| Земени заеми | | 1.148.840 | - |
| Вратени заеми | | (805.209) | - |
| **Нето парични текови користени во финансиски активности** | | **85.206** | **(1.154.179)** |
| Нето намалување на пари и парични средства | | **(198.935)** | **(308.125)** |
| Пари и парични средства на 1 јануари | | 354.646 | 662.771 |
| **Пари и парични средства на 31 декември** | 12 | **155.711** | **354.646** |

## Цементарница „УСЈЕ“ АД- Скопје

### ПОЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА

**За годината што завршува на 31 декември 2022**

| | *Акционерски капитал* | *Акционерска премија* | *Акумулирана добивка* | *Останати резерви (белешка 14)* | *Реинвестирана добивка* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | *МКД'000* | *МКД'000* | *МКД'000* | *МКД'000* | *МКД'000* | *МКД'000* |
| **На 1 јануари 2022 година** | **1.747.730** | **1.122** | **491.134** | **319.796** | **1.105.778** | **3.665.560** |
| Добивка за годината | - | - | 1.029.332 | - | - | 1.029.332 |
| **Вкупно сеопфатна добивка** | - | - | 1.029.332 | | - | 1.029.332 |
| Објавени дивиденд. нето | - | - | (258.213) | - | - | (258.213) |
| Пренос на акумулирана добивка | - | - | 216.886 | | (216.886) | - |
| Пренос од акумулирана добивка | - | - | (449.807) | - | 449.807 | - |
| Акционерски опции | - | 1.201 | - | - | - | 1.201 |
| **На 31 декември 2022 година** | **1.747.730** | **2.322** | **1.029.332** | **319.796** | **1.338.700** | **4.437.880** |

На 20 мај 2022 година, Собранието на акционери донесе Одлука за распределба на преостанатата дивиденда за 2021 година, по исплатата на авансна дивиденда за периодот 1 јануари - 30 јуни 2021 година согласно Законот за трговски друштва. Објавената дивиденда изнесува 708.020 илјади денари што се состои од 41.327 илјади денари добивка од 2021 година, 216.886 илјади денари неискористена реинвестирана добивка од 2016 година и преостаната добивка од 2021 година во износ од 449.807 илјади денари која беше реинвестирана односно се искористи даночно поттикнување за инвестициски вложувања на Друштвото.

**Цементарница „УСЈЕ“ АД- Скопје**

**За годината што завршува на 31 декември 2021**

| | *Акционерски капитал МКД'000* | *Акционерска премија МКД'000* | *Акумулирана добивка МКД'000* | *Останати резерви (белешка 14) МКД'000* | *Реинвестирана добивка МКД'000* | *Вкупно МКД'000* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2021 година** | **1.747.730** | **307** | **387.743** | **573.413** | **940.166** | **3.649.359** |
| Добивка за годината | - | - | 1.177.428 | - | - | 1.177.428 |
| Останата сеопфатна добивка (Белешка 8) | - | - | - | 14.932 | - | 14.932 |
| **Вкупно сеопфатна добивка** | - | - | **1.177.428** | **14.932** | - | **1.192.360** |
| Објавени дивиденд. нето | - | - | (222.131) | - | - | (222.131) |
| Авансна дивиденда | - | - | (927.988) | - | - | (927.988) |
| Пренос на акумулирана добивка | - | - | 382.056 | (268.549) | (140.362) | (26.855) |
| Пренос од акумулирана добивка | - | - | (305.974) | - | 305.974 | - |
| Акционерски опции | - | 815 | - | - | - | 815 |
| **На 31 декември 2021 година** | **1.747.730** | **1.122** | **491.134** | **319.796** | **1.105.778** | **3.665.560** |

На 25 мај 2021 година, Собранието на акционери донесе Одлука за распределба на преостанатата дивиденда за 2020 година по исплатата на авансна дивиденда за периодот 1 јануари-30 септември 2020 година согласно Законот за трговски друштва. Објавената дивиденда изнесува 528.105 илјади денари што се состои од 81.769 илјади денари добивка од 2020 година, 140.362 илјади денари неискористена реинвестирана добивка од 2015 година и преостаната добивка од 2020 година во износ од 305.974 илјади денари која беше реинвестирана односно се искористи даночно потикнување за инвестициски вложувања на Друштвото.

На 22 септември 2021 година, Одборот на директори донесе Одлука за исплата на авансна дивиденда за периодот јануари - јуни 2021 година согласно Законот за трговски друштва. Објавената дивиденда беше во износ од 927.988 илјади денари согласно одобрените поединечни законски финансиски извештаи на 30 јуни 2021 година и пренесените ревалоризациони вишоци како дел од капиталот, а поврзано со ставката недвижности, постројки и опрема директно на нераспределената добивка, како нето износ од 241.694 илјади денари и истовремено создавајќи обврска за плаќање на данокот на добивка на ревалоризационите резерви при преносот во акумулираната добивка во износ од 26.854 илјади денари. Трансферот од ревалоризациони вишоци во акумулирана добивка не се спроведува преку добивката или загубата.




# ИЗВЕШТАЈ ЗА НЕЗАВИСНО ОГРАНИЧЕНО УВЕРУВАЊЕ ЗА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДРЖЛИВОСТ 2022

Grant Thornton

# Извештај за независно ограничено уверување

**Грант Торнтон ДОО**
Св. Кирил и Методиј 52б-1/20
1000 Скопје
Северна Македонија
**T** +389 (0)2 3214 700
**Ф** +389 (0)2 3214 710
**E** Contact@mk.gt.com
Даночен број: 4030003475973

**Цементарница УСЈЕ АД, Скопје**
Бул. Борис Трајковски бр.94
1000 Скопје

До Раководството на Цементарница УСЈЕ АД, Скопје

## Вовед

Грант Торнтон Доо Скопје („Грант Торнтон“) беше ангажирани од Одборот на Директори на Цементарница УСЈЕ АД, Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото“) да изврши проверка на нефинансиските обелоденувања презентирани во Годишниот извештај за одржливост за 2022 година на Друштвото (во понатамошниот текст „Извештај за одржливост“) за годината која завршува на 31 декември 2022 година („обелоденети податоци“) за потребите на изразување на ограничено уверување поврзано со критериумите наведени подолу („Обем на работа“). За потребите на Извештајот за независно ограничено уверување, обелоденетите податоци се однесуваат на активностите на Друштвото во 2022 година и не вклучуваат податоци кои се однесуваат на други компании со кои соработуваат или активности со трети страни.

## Обем на работа

Нашиот ангажман за ограничено уверување е планиран и спроведен во согласност со Меѓународен стандард за ангажмани за уверување 3000: „Ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверки на историски финансиски информации“ (МСАУ 3000 ) со цел изразување на ограничено уверување за:

- Методологијата на проценка на материјалноста согласно со упатствата на стандардот AA1000 и поконкретно, процесот што го следи Друштвото во однос на идентификување и приоритизирање на најрелевантните материјални прашања.

- Комплетноста и точноста на квалитативните и квантитативните нефинансиски обелоденувања за одржливост, поточно во областите на животната средина и социјалните перформанси и во однос на критериумите применливи во 2022 на ниво на групација („критериуми за известување“, како што се презентирани во Интегрираниот годишен извештај на Групацијата Титан за 2022 година), кои се усогласени со секторските насоки и стандардите за известување, како и со специфичните рамковни насоки и стандарди за известување развиени од Групацијата Титан. Сите обелоденувања за животната средина и социјалните перформанси на ниво на деловна единица се усогласени со стандардите на Групацијата Титан и се вградени во тековните процеси. Поконкретно, обелоденувања и индикатори за:

    - Резултатите во животната средина се воспоставени во сите материјални аспекти во согласност со критериумите за известување и со соодветните насоки од Рамката за одржливост на GCCA,

    - Социјални резултати, кои ги покриваат: безбедност и здравје при работа, каде деловните единици на ТИТАН ја следат Рамката за одржливост на GCCA, развој на вработени (за часови за обука на вработени) и ангажираност во заедницата (во согласност со целите на групацијата за сите клучни процеси кои се вклучени во заедницата во согласност со материјалните прашања на засегнатите страни и целите за одржлив развој).

- Конзистентноста на презентираните квалитативни и квантитативни нефинансиски обелоденувања за одржливост, во однос на десетте принципи на Глобалниот договор на Обединети Нации и поконкретно за областите за животна средина и социјални резултати.

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

## Одговорност на Раководството

Друштвото Цементарница УСЈЕ АД, Скопје е одговорно за комплетна и точна подготовка и презентирање на нефинансиките податоци доставени до нас, како што се презентирани во Извештајот за одржливост. Оваа одговорност вклучува и избор и примена на соодветни методи за подготовка на Извештајот за одржливост и примена на претпоставки и процени за индивидуалните обелоденувања за одржливост кои се разумни во околностите. Понатаму, раководството на Друштвото е одговорно за водење на евиденција и воспоставување на соодветни интерни контроли кои се дизајнирани за да го поддржат процесот на известување. Исто така, раководството на Друштвото е одговорно за дизајнирање и имплементирање на интерни контроли со цел изготвување на Извештајот за одржливост ослободен од материјално погрешно прикажување.

## Наша одговорност

Наша одговорност е да извршиме ангажман за независно ограничено уверување за да изразиме заклучок врз основа на процедурите кои се спроведуваат за обелоденетите податоци, како што е опишано во параграфот „Вовед и обем на работа".

Нашата работа е спроведена во согласност со МСАУ 3000 „Ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверки на историски финансиски информации" објавен од Одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување. Овој стандард бара наша усогласеност со етичките барања на Кодексот за етика на професионални сметководители објавени од страна на Одборот за Меѓународни стандарди за етика за сметководители, како и да го планираме и извршуваме ангажманот за независно ограничено уверување на начин кој ќе ни овозможи да изразиме заклучок со ограничено уверување.

Ангажман за ограничено уверување е ограничен главно на распрашувања и аналитички постапки. Постапките спроведени во ангажман за ограничено уверување се разликуваат во природата и временскиот распоред, и се помали во обем од оние за ангажман за разумно уверување. Следствено, нивото на уверување добиено при ангажман за ограничено уверување е значително помало во обем од она добиено при ангажман за разумно уверување спроведено во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија и ангажмани за уверување. До степен до кој е дозволено со важечкото законодавство, ние не прифаќаме ниту преземаме одговорност за нашиот ангажман или за овој извештај кон никого, освен кон Друштвото и Групацијата Титан, освен ако условите не се договорени експлицитно во писмена форма, со наша претходна согласност.

## Резиме на извршената работа

Во рамките на делокругот на нашата работа ние ги извршивме, меѓу другите, следниве постапки во врска со анализата на материјалноста, пристапите за управување и клучните податоци презентирани во Извештајот за одржливост:

- Читање на Извештајот за одржливост (во целост) за да се увериме дека е во согласност со критериумите наведени во параграфот „Вовед и обем на работа" во овој Извештај за независно ограничено уверување;
- Распрашување на вработените одговорни за подготовката на Извештајот за одржливост заради обезбедување на информации за перформансите за одржливост за да се разберат и оценат процесите, интерните контроли и информационите системи кои се однесуваат на подготовката на горенаведените информации;
- Разбирање на Друштвото во однос на неговата организациона структура за одржливост, дијалог со заинтересираните страни и развојниот процес на програмата за одржливост;
- Споредување на текстот и податоците (врз основа на примерок) презентирани во Извештајот за одржливост со изворите на податоци. Ова вклучува разгледување за тоа дали се вклучени сите материјални прашања и дали објавениот текст и податоци се точно извлечени од изворите на информации.

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

Grant Thornton

## Инхерентни ограничувања

За да ја спроведеме нашата работа, ние се потпиравме исклучиво на информациите обезбедени од раководните лица на Друштвото, кои со добра волја ги прифативме како целосни, точни, реални и недвосмислени.

- Поради тоа, ние не го потврдивме тоа со ниедна постапка за верификација, покрај постапките што се експлицитно наведени во нашиот извештај и кои произлегуваат од нашата меѓусебно договорено методологија.
- Не се извршени никакви постапки на податоците за претходни периоди за известување, како и на податоците поврзани со предвидувања и цели.
- Ниедна постапка не е спроведена на ништо друго освен во согласност со договорениот обем на работа и следствено, нашето мислење е ограничено во тој обем.

## Наша независност и контрола на квалитет

Грант Торнтон го применува Меѓународниот стандард за контрола на квалитет 1. Соодветно на тоа, одржуваме сеопфатен систем за контрола на квалитет вклучувајќи документирани политики и процедури во врска со усогласеноста со етичките барања, професионалните стандарди и применливите правни и регулаторни барања. Ние ги почитуваме независноста и останатите етички барања од Кодексот за етика на професионални сметководители објавени од страна на Одборот за Меѓународни стандарди за етика за сметководители („ОМСЕС"), кој е заснован на фундаменталните принципи на интегритет, објективност, професионална одговорност и должно внимание, доверливост и професионално расудување. Во овој контекст, тимот на ангажманот за уверување е независен од Друштвото и не учествувал во подготовката на Извештајот за одржливост на Друштвото.

## Заклучок за ограничено уверување

Врз основа на спроведените процедури и обезбедените докази, не забележавме ништо што предизвикува да веруваме дека има било какви грешки или погрешни прикажувања кои би имале материјално влијание врз нефинансиските обелоденувања (вклучувајќи и објаснувачки белешки и релевантни референци) презентирани во Извештајот за одржливост за 2022 година на Цементарница УСЈЕ АД. Дополнително, не забележавме ништо што предизвикува да веруваме дека обелоденетите нефинансиските податоци не се подготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со погоре споменатите критериуми, во делот „Вовед и обем на работа".

Скопје,
29 мај 2023

Грант Торнтон ДОО, Скопје

Управител
Сузана Ставриќ

Овластен ревизор
Сузана Ставриќ

Грант Торнтон ДОО е фирма членка на Grant Thornton International Ltd (GTIL). GTIL и фирмите членки не се во партнерство на светско ниво. GTIL и секоја фирма членка на GTIL претставува посебен правен субјект. Услугите се обезбедуваат од страна на самите фирми членки. GTIL не обезбедува услуги на клиентите. GTIL и нејзините фирми членки не се агенти на, и не се обврзани едни кон други и не се одговорни за делата или пропустите на други фирми членки.

# Поимник

| | |
|---|---|
| Вкупно средства | Збирот на сите тековни и нетековни средства. |
| Обрт | Приходи остварени од продажба на добра и услуги на клиенти. |
| Добивка пред одбивање камата, даноци, депрецијација и амортизација (EBITDA - Earnings before interest, taxes, deprecation and amortization) | Оперативната добивка пред загубите поради девалвација на гудвил плус амортизација и намалување на материјалните и на нематеријалните средства и амортизација на државни грантови. Обезбедува мерка за оперативната профитабилност што конзистентно може да се споредува меѓу сегментите за кои се известува. |
| Материјалност | Прашањето е материјално ако е од релевантност и важност или значење што би можело суштински да влијае врз процените на давателите на финансиски капитал во однос на способноста на организацијата да создава краткорочна, среднорочна и долгорочна вредност. |
| Одбор за сметководствени стандарди за одржливост (SASB - Sustainability Accounting Standards Board) | Одборот за сметководствени стандарди за одржливост е независен одбор за стандарди, кој е одговорен за редовните законски постапки, резултати и ратификација на своите стандарди, чијашто примена (мисијата на SASB) е да им помогне на бизнисите во целиот свет да идентификуваат, да управуваат и да известуваат за теми на одржливост што имаат најголемо значење за нивните инвеститори. |
| Цели за одржлив развој (ЦОР/SDGs - Sustainable Development Goals) | Целите за одржлив развој се збир од 17 глобални цели изготвени да бидат „план за постигнување подобра и поодржлива иднина за сите“. ЦОР, утврдени во 2015 година од Генералното собрание на Обединетите нации и наменети да се постигнат до 2030 година, се дел од Резолуцијата 70/1 на ОН, агендата за 2030 година. |
| Конференција на Обединетите нации за трговија и развој (UNCTAD - United Nations Conference on Trade and Development) | Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој е тело на Обединетите нации одговорно за справување со прашањата за економскиот и одржливиот развој, со фокус на трговијата, финансиите, инвестициите и технологијата, особено за да им се помогне на земјите во развој правично да бидат застапени во глобалната економија. |
| Глобален договор на Обединетите нации (UNGC - United Nations Global Compact) | Глобалниот договор на Обединетите нации е доброволна иницијатива заснована на обврските на извршниот директор за спроведување на универзалните начела за одржливост („Десетте начела“) и преземање чекори за поддршка на целите на ОН. „Десетте начела“ се изведени од Универзалната декларација за човекови права, Декларацијата на Меѓународната организација за трудот за основните начела и права за заштита при работа, Декларацијата од Рио за животна средина и развој и Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата. |
| Глобална асоцијација за цемент и бетон (GCCA - Global Cement and Concrete Association) | Глобалната асоцијација за цемент и бетон е иницијатива воспоставена во 2018 година на ниво на индустријата и е раководена од главни извршни директори, претставувајќи го секторот во глобални рамки. GCCA ја презема улогата на поранешната Иницијатива за одржливост на цементот (CSI) на WBCSD и почнувајќи од 1 јануари 2019, ги спроведува работните програми и активностите за одржлив развој на CSI, при што клучни цели се развој и зајакнување на придонесот на секторот кон одржлива градба во линија на синџирот на вредности, како и поттик на иновации во соработка со индустријата, здруженијата и клучни експерти – засегнати страни. |
| Светски деловен совет за одржлив развој (WBCSD- World Business Council for Sustainable Development) | Светскиот деловен совет за одржлив развој е глобална организација предводена од извршниот директор на повеќе од 200 водечки бизниси што работат заедно во насока на забрзување на транзицијата кон одржлив свет, помагајќи им на компаниите членки да станат поуспешни и поодржливи фокусирајќи се на максималното позитивно влијание за засегнатите страни, животната средина и општествата.<br>Иницијативата за одржливост на цементот (CSI) беше Проект во рамките на WBCSD од 2002 до 2018 година и имаше улога на иницијатива за соработка на цементните компании, поддржувајќи ги заедничките напори за одржливост на секторот за цемент. Областите и проектите на CSI беа трансферирани во GCCA почнувајќи од 1 јануари 2019. |
| Смртност | Смртност како резултат на несреќа поврзана со работното место, без временско ограничување помеѓу датумот на несреќата и датумот на смртта. |
| Стапка на смртност | Број смртни случаи во една година на 10.000 директно вработени лица, т.е. стапка на смртност (директно вработени) = (Број смртни случаи во една година (директно вработени) x 10.000/ Број директно вработен кадар). |
| Изгубено време поради повреда на работно место (LTI - Lost time injuries) | Повреда поврзана со работа што предизвикува загуба во еден или во повеќе работни денови (или смени), сметајќи од денот по повредата, пред лицето да се врати на нормална или на ограничена работа. Се исклучуваат и се изземаат повредите настанати при патувањето до и од работното место, кои произлегуваат од кривични дела и кои настануваат поради природни причини. |
| Стапка на зачестеност на изгубено време поради повреда (LTIFR - Lost time injuries frequency rate) | Број LTI во една година на 1.000.000 одработени часови, т.е. LTI Стапка на зачестеност = (Број повреди со изгубено време во годината x 1.000.000)/Вкупен број продуктивни работни часови исплатени на вработените во годината. |
| Комуникација за напредок (CoP - Communication on Progress) | Комуникацијата за напредок е еден вид механизам за информирање, при што во стандардизиран формат на годишен извештај, засегнатите страни на компаниите (на пример, инвеститорите, потрошувачите, граѓанското општество и владите) известуваат за напредокот постигнат во спроведувањето на Десетте начела на Глобалниот договор на Обединетите нации. |
| Меѓународен совет за интегрирано известување (IIRC - International Integrated Reporting Council) | Меѓународниот совет за интегрирано известување беше формиран во август 2010 година, со цел да создаде меѓународно прифатена рамка за процесот кој организациите го користат за комуникација на вредноста што ја создаваат. |

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**
ул. Борис Трајковски бр.94
1000 Скопје
Тел: +389 (2) 2782 500
**www.usje.mk**

TITAN
CEMENTARNICA USJE